## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 април 2000 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија со почеток во 16,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа, продолжуваме со работа по 42-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Радомир Карангелески ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата. Исто така и Марија Јорданова известила дека ќе биде отсутна од оправдани причини.

Ве молам да притиснете на копчињата од системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните во салата.

86 пратеници се присутни во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дами и господа пратеници, денешното претпладне, всушност до пладне работеа комисиите околу усогласувањето на Законот за старото девизно штедење. Колку што имам информација, комисиите завршија со работа, а колку се усогласиле ќе видиме во писмените извештаи.

Но, сега не ни пречи ние да поминеме на првата точка.

Минуваме на точката 1 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за денационализација, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам Претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Сепак, би му дал збор на господинот министер за финансии, Никола Груевски, најнапред, а претходно се јави господинот пратеник Азис Положани.

Прво, да го послушаме министерот, па потоа ќе го чуеме Азис Положани.

Има збор господинот министер за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, денеска пред вас е Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за денационализација, со Предлог на закон.

Владата со овој закон ќе го оствари правото на сопственост на поранешните сопственици. Значи, со доаѓањето на овој закон пред Парламентот и евентуалното негово усвојување ќе се оствари правото на сопственост на поранешните сопственици, признато уште со самиот Устав. Со овие измени, покрај другото, кругот на поранешните сопственици е проширен. Така што, поранешните сопственици, покрај државјаните на Република Македонија, се и верските заедници, верските храмови, манастири и вакави, а е понудено специфично решение за денационализација и на имотите на Евреите од Македонија, кои ги загубија животите во концентрациониот логор во Фреблинка. Со проширувањето на кругот на поранешните сопственици законски е покриена денационализацијата во целост и ги опфаќа сите имоти присилно одземени во корист на државата.

Другите изменувања и дополнувања што се предлагаат во целост се на линија за побрзо и поедноставно спроведување на постапката за денационализација. При формулирањето на решенијата во Предлогот, посебно се имаше предвид ставот на Уставниот суд искажан во неговата одлука за укинување на извесни делови во Законот за денационализација, на што ќе се осврнам уште еднаш.

Законот за денационализација беше донесен на 21 април 1998 година, а влезе во сила на 7 мај истата година. Но, тој закон до денес не профункционира. Со многу мали исклучоци во примена на член 4, кој се однесува на укинувањето односно на преиначувањето на судските пресуди, со кои била изречена казна конфискација на имот, како главна или како споредна казна.

Причини за одлагање на применување на Законот за денационализација има неколку.

Најпрвин, тоа беше фактот дека не беа донесени подзаконските акти предвидени со самиот закон, вкупно четири. За ова, законот предвиде невообичаено долг рок од осум месеци, наспроти предлогот кој предвидува рок од еден месец, кој истече на 7 јануари 1999 година. Од прилика, во средината на овој рок дојде смена на власта, што исто така од своја страна имаше влијание на доцнењето. Но, најмногу на ова одложување имаше влијание прифаќањето на иницијативата за оценување на уставноста на извесен број одредби на законот од страна на

Уставниот суд, кој својата одлука, за која ќе стане збор, ја донесе на 10 март 1999 година. На ова се надоврзаа настаните во врска со Косово, т.е. воената интервенција, а пред тоа и на големиот број на бегалци, кои во целост ги апсорбираа сите капацитети на Владата и нејзините министерства, вклучувајќи го и Министерството за финансии. Во 2000 година се пристапи кон интензивна работа врз законскиот текст за изменување и дополнување на овој закон.

Пред да укажам на позначајните изменувања и дополнувања што се предлагаат, сметам за потребно со неколку зборови да се осврнам на Одлуката на Уставниот суд. Со оваа Одлука судот интервенираше во девет членови. Четири од нив беа целосно укинати, член 2, 23, 29 и член 38. Во два члена беа укинати по еден став. Член 22 став 2 и член 28 став 2, а во останатите членови судот интервенираше во одделни ставови. Во став 1 од членовите 9 и 28 и во став 2 на член 34.

Од особено значење има укинувањето на член 2 од Законот. Во овој член беа наведени законските и другите прописи врз основа на кои е вршено одземање на имотот и во корист на државата. Бидејќи по сила на одлуката на Уставниот суд, не е можно да се врши набројување на присилни прописи, затоа што постои опасност некој пропис да биде испуштен. Во член 2 од предлогот е понудена една најопшта формулација во која можат да се сместат сите присутни прописи, оние до сега идентифицираните, прописите наброени во укинатиот член 2. А, исто така, и прописите кои засега не се познати.

За другите интервенции во Законот е карактеристично дека Уставниот суд ги укина оние одредби што содржеа разни рестрикции, т.е. предвидуваа не враќање на имоти или пак пропишуваа нееднаква положба н поранешните сопственици. За сето тоа се води сметка во овој предлог.

Почитувани пратеници, би сакал да потенцирам дека некои од решенијата што ги содржи предлогот. Тоа поради нивното значење, сепак да нема дилеми за тоа што тие предвидуваат, што е од значење како при усвојувањето на предлогот, исто така и примената на законот.

Со оглед на тоа дека не сее задира во концептот на законот, а тоа е како веќе реков Законот за денационализација, се донесува да се овозможи остварување на правото на сопственост признато со Уставот, т.е. да се пропишат условите, начинот и постапката за остварување на тоа право.

Со овој закон постои пристапот да се врати имотот односно да се даде надомест на оној од кој имотот бил одземен. Граѓанин, кој е државјанин на РМ на денот на стапување во сила на овој Закон, односно верски храм, манастир и вакав од РМ, кој во време на донесување, на поднесување на барањето за денационализација, ќе поднесат и докази дека им било одземено.

Ако поранешниот сопственик не е жив, тогаш статус на барател на денационализацијата има неговиот наследник. Кој се наследниците на починатиот поранешен сопственик? Според предлогот претходното прашање е прашање кое мора да се реши од надлежниот орган, т.е. од судот. Тоа е новина предвидена со предлогот од член 9 и член 31.

Прогласувањето на наследниците најредовно судот ќе го врши во постапката за расправање на оставината. Но, според предлогот не е исклучено судовите тоа да го вршат и во парница за утврдување на постоење на право, согласно член 172, став 1 и 2 од Законот за парнична постапка.

Предмет на наследување е правото на денационализација, а прогласувањето односно утврдувањето на наследниците се врши според прописите на законот за наследување.

Дејството на судската одлука за прогласување, односно за утврдување на наследник е само помеѓу наследниците. Тие одлуки не значат и утврдување на статус на барател на денационализација, кој статус се утврдува според Законот за денационализација и го утврдува само органот за денационализација, при што е најзначајно наследникот да е државјанин на Република Македонија, член 47, став 3, точка 2) од Законот. Ова е важно да се има предвид, бидејќи правото на наследување не е врзано за државјанска припадност на наследникот, што не е случај со остварувањето на тоа право кога се поднесува барање за денационализација.

Со член 5 од Предлогот, се бришани ставовите 2 и 3, член 6 од Законот, со кои беа изземени од денационализација градежните земјишта, експропријаниот имот и земјоделското земјиште и шуми опфатени со арондација и комасација. Така што, овие имоти сега се предмет на денационализација. Овие два става, се заменети со нов став, според кој предмет на денационализација не се предмети и објекти од особено културно и историско значење и природни реткости определени со закон.

На градежното земјиште му се посветени два члена и тоа 22-а и 22-б, за кои е дадено образложение. Но, сметам за потребно да обрнам внимание на одредбите од член 22-а точка 1 и 22-б точка 1.

Првата одредба го решава прашањето на не изградено градежно земјиште, кое било одземено како земјоделско земјиште. Поранешниот сопственик има право да го бара враќањето на ова земјиште, но е должен да ја плати разликата помеѓу вредноста, што според законот следува на земјоделското земјиште, што било одземено и вредноста на градежното земјиште што му се враќа, утврдено според прописите за определување на вредноста на градежното земјиште.

Оваа разлика е еквивалентот на општествените вложувања во инфраструктурата. Ова решение е во целост сообразно на член 12 од Предлогот, според која одредба за недвижност, чија вредност од земањето е зголемена, поранешниот сопственик има на располагање три опции, од кои едната став 1 точка 1 е враќање со плаќање на разликата за зголемената вредност.

Според член 22-6 точка 1 барањето за денационализација, треба да поднесе и сопственик кому со Законот за национализација на наемните згради, градежно земјиште од 1958 година, не му била национализирана зградата, туку само градежното земјиште на кое постоела и постои и кое и служело на зградата. Така што, по сила на законот правото на сопственост било трансформирано во право на трајно користење на земјиштето.

Од понуденото решение се очекуваат два ефекти.

Прво, ажурирање на евиденцијата на правата на недвижностите, која се врши врз основа на конкретен акт, бидејќи се во прашање сопственици како единки, а и се работи за конкретни парцели.

Второ, со доставување на правосилното решение на надлежните органи ќе се ажурира евиденцијата на даночните обврзници за данокот на имот и за градската рента.

Со Законот се предвидува да не се враќаат имоти на лица кои биле воени злосторници, меѓутоа наведено е дека под воени злосторници се подразбираат оние, кои што ги прогласила ООН, а не пост комунистичката односно комунистичката власт, која во тоа време ги правела истите квалификации.

Со Предлогот е извршена интервенција во член 9 од Законот според кој не се враќа недвижен имот. Во изменетиот и дополнет член 9 останаа случаите кога не враќањето е заради постоење на јавен интерес утврден со законот или со друг закон. А, во член 9-а се наведени случаите кога не враќањето на имотот е заради правни и физички пречки.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:** (Продолжение)

Дозволете ми да се задржам на значајните дополнувања во Законот:

Одземените имоти на верските храмови, манастири и вакави и на евреите во Македонија кои настрадаа во холокаустот, како новина во овој Закон.

Во решавањето на прашањето за враќање на овие имоти, односно за давање надомест за нив, се предвидени две решенија овде согласно концептот на законот дека се враќа имот на оној на кого е одземен баратели на денационализацијата се верските храмови, манастири и вакави од кои бил одземен имотот и ним им се дава надомест, доколку имотот не може да се врати според законот. Враќањето на имоти, односно давањето на надомест за овие имоти е по принципот да постои барање од поранешниот сопственик.

Во однос на враќањето и давањето надомест за имотите на погубените евреи, е предвидено денационализацијата по службена должност и наместо насочување на имотот во Фондот на холокаустот. Овие имоти, бидејќи не постојат овластените баратели, затоа што нивните животи се насилно одземени, односно нивниот природен пород е насилно спречен, се насочуваат кон трајно одбележување на споменот на овие наши граѓани, а не кон присвојување на нивните имоти од страна на државата.

На тој начин РМ се однесува кон настраданите евреи со целосен пиедитет, а и со цел да ги создаде основните реални, материјални претпоставки да ја реализира преземената обврска, да го изгради домот на холокаустот.

Би сакал да појаснам дека концептот на овој закон е сите имоти што можат да се вратат, се враќаат веднаш. Оние имоти што не можат од било која причина, наведена претходно, да се вратат, се дава надомест, државата дава надомест. Надоместот треба да биде во имотот што го поседува државата во објекти, во згради и т.н., а исто така и во резидуални акции што Агенцијата за приватизација има извршено резервација за нив. Доколку остане после две години износ на имот и на граѓанин што неуспеал да биде вратен, не се успеало да биде вратен, како што постоел, не се успеало да се даде надомест во било која форма, во тој случај овој Закон предвидува после две години издавање на долгорочни обврзници, со кои што ќе се обештети оној дел што не сме успеале претходно да го обесштетиме и очекувањата се дека тој дел ќе биде релативно мал.

Со предложените изменувања и дополнувања во Законот за денационализација во целост е опфатена т.н. домашна проблематика на денационализацијата и таа, по усвојување на предлогот може и конечно треба да започне.

Имајќи предвид дека станува збор за право, признаено со самиот Устав, денационализацијата претставува, кога значи враќање на имот, самата претставува приватизација на имотот што сега е во сопственост на државата, што ќе биде ставен во вистинска функција. А, кога значи давање на надомест, тоа значи обесштетување на насилно одземените имоти.

Денационализацијата во вид на враќање на имотот е, секако, реформски зафат. Тоа е зафат на преструктуирање и решавање на проблемот на сопственоста. А, со тоа уште еден значаен чекор кон приближување на нашата земја кон ЕУ. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот министер за финансии Никола Груевски за воведните напомени, во врска со првата точка од дневниот ред.

За збор се јави г-динот пратеник Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри, на почетокот би се заблагодарил на министерот за дополнителните објаснувања во врска со Законот за кој што, мора да признаеме дека е деликатен закон и веројатно, бара поголемо внимание и со внимателност да се слуша, а и да се искористи можноста да се каже некој збор.

Потполно го сфатив министерот од аспект на материјалното обесштетување на поранешните сопственици и тоа е така, мислам дека е направен сепак добар обид ако тоа стане реалност до некоја мерка навистина, да се обесштетуваат оние кои беа обесправени долго време. Но, во оваа можност би сакал да истакнам една друга димензија на овој проблем, што веројатно не е за занемарување. Мислам дека има свое зошто да се истакне и денеска тука.

Имено, национализацијата како принудна политичка мерка, за постигнување одредена политичка и класна цел или таквата цел декларирана како државна, во мултиетничкиот простор, има и друга димензија. Има димензија на двојно обесправување на одредени структури и тоа на национална база, се со цел реализирање на одредени политички цели, т.е. национални програми каде што жртви на таквата политика се константно малите народи на овие простори, како Македонците, Албанците, па зошто не и другите, се до 11-та светска војна. А, после војната, за жал, објект на таа политика спроведена и низ национализацијата, остануваат да бидат Албанците, Турците, не исклучувајќи ги Македонците и другите. Така што, бидејќи сме сведоци на таква водена политика и ние, во одредени периоди од нашето политичко минато, поблиско минато, смислата на денационализацијата не може да биде само материјално обесштетување на тој слој обесправени, туку правата смисла ќе ја добие кога ќе кажеме дека ова ново организирано општество е подготвено да се дистанцира, морално и политички да се огради и да ја демантира онаа политика што и низ оваа институција не само што врши класна борба и создава нов поредок, врз база на друга неправичност и туѓа пот, што било својствено на тогаш новиот режим, туку, употребувајќи го истиот и за национал - шовенистички и рационални програми, создал голема болка и несреќа на стотици илјади семејства, предизвикувајќи и своевидни голготи, што било каков закон сега да се донесе, не може тоа да го преболи, а уште повеќе да им биде права утеха. Без разлика на обемот на материјалното обесштетување.

Па, затоа, мислам дека за тие луѓе, па и за нивните наследници многу е важно одредени протагонисти и креатори на таквите програми, кои сеуште се живи, наместо да пишуваат само пофални и егоцентрични мемоари и приказни, време е јавно да се извинат на сите тие кои поради нив и нивните идеолошки и квази државни мотивирани одлуки, не само што ги изгубиле имотите и сопственоста, туку ја изгубиле и честа и своите фамилии, села, татковина, па бог знае за лига за душа.

Г-до пратеници, не сум воопшто патетично мотивиран за такво искажување. Напротив, мислам дека уште не сме го прескочиле Рубиконот за такво искажување. Затоа што уште не сме се соочиле со нашата заедничка и горка мината вистина за која мислам и покрај се, не се не премосливи, особено ако ни е цел заеднички живот и градење на демократска заедничка иднина по оптимистичката верзија, што би рекол Фуку Јама. Очигледен е недостигот на волја и храброст за такво соочување за меѓусебна доверба, што е најнеопходно. Како што кажа еден пратеник овде, пред некој ден, недостасува. Чинам дека најповеќе прави тоа, тоа колективно памтење, што е остварено со моменти врзани со начинот и мотивот на спроведување на национализацијата. Народот не вели џабе "кога се губи сопственоста, се губи и

душата". А, филозофијата на народот е секогаш во право. Така, секој знае кој кому должи или но, исто така тоа никогаш никого колективно не окривува.

Контекстот на времето и околностите, се разбира, има главна детирминирачка позиција. Но, ќе повторам дека последно е време последна фаза и секој од нас, па и поголемите грешници, со едно такво внатрешно прочистување, иако на тоа цел живот не верувале, да придонесеме за една поинаква иднина, ако веќе не можеме да го менуваме минатото.

Дали Законот успеал да придонесе еднаш направената неправда на прав начин и правично да се обесштети? Принципиелно, под материјално обесштетување, може да се каже дека е направен охрабрувачки обид. Колку тоа ќе биде реализирано во практика, останува да се види. Јас би сакал тоа максимално да се постигне.

Од аспект на друга димензија, мислам дека не се предлага успешно решение и токму заради тоа што мислам дека во нашиот менталитет не сме го прескочиле Рубиконот, матрицата на размислување уште е иста и можеби таа понекогаш влијае несвесно, а чинам и свесно, во решенијата што се нудат на овој Парламент, не само низ овој Закон. Ќе потсетам на Законот за просторно планирање, урбана политика, развојна политика, образовна политика и т.н.

Затоа, сега поконкретно да се осврнам и на тоа што е предмет на разгледување и на самиот Закон.

Во законскиот текст, ниту во основниот закон, ниту пак во овој Предлог на закон за изменување и дополнување Законот за денационализација нема одредба за тоа што станува со национализираниот имот, врз кој не е спроведена експропријација, конфискација или сличен акт за одземање или трајно користење. Општо познато е дека со акт за национализација корисникот на имотот не е истовремено и сопственик врз него. Така што, како траен корисник не располага со него во смисла на отуѓување, физичка делба и др. па и сл., што значи дека е ограничен во неговите сопственички право и трајно кориснички права врз имотот.

Затоа сметам дека треба да стои одредба со која генерално ќе се денационализира и овој имот на начин што на крајните корисници да се врати правото на сопственост и слободно располагање со имот, што е главна цел на овој закон. Ова, затоа што не би било целесообразно со Законот за денационализација, да се изврши деекспропријација, деконфискација и сл., а при тоа да не се изврши и целосна денационализација на имотот, чии трајни корисници т.н. досегашни со закон предвидени како поранешни сопственици. Ова, независно од тоа што верувам дека претстои донесување и на Закон за градежно земјиште, каде што може и ова да се вгради.

Во членот 6, точките 1 и 2 од Законот за денационализација од 1998 година, за да се постигне таа цел што ја спомнав пред малку, а министерот тука образложи дека останува да не се денационализира имот, на оние луѓе кои не се државјани на РМ, мислам дека треба да се даде поинаков пристап и да се бришат зборовите, "одземен по основ на губење државјанство по сила на Закон".

Ова, затоа што во земјата има бројни случаи кога на државјанин на РМ е одземено државјанство без правен основ, во нивно отсуство, според старите закони на монистичката власт, поради нивно заминување од земјата, било за политички погледи спротивни на тогашната власт или од економски и други причини. Посебно што во таквите случаи и нивниот имот, на кој имале право на наследување, без правен основ поминал во државна сопственост без никаква судска или друга постапка, со што е битно повредено нивното право на сопственост.

Тука, користам можност да истакнам дека решението што се предлага за Евреите и за Еврејската заедница, мислам дека е во ред. Меѓутоа, исто така истото треба да се применува, врз таа база треба да се изземе овој член од основниот Закон, каде што ќе им се дозволи сите кои имаат право на имот или се наследници на имот, а кои биле државјани на РМ, а поради други причини им е одземено државјанството, да си го добијат пак тоа право. Впрочем, за тоа имаме предложено амандман што ќе биде подоцна истакнат.

Во основниот Закон за денационализација, ниту во предлогот закон за измена и дополнување нема одредба за тоа како да се постапи со оние поранешни сопственици на кои, по пат на конфискација, со Законот за аграрна реформа им беше одземен и имотот како споредна казна, со изречените кривични санкции за не прифаќаше на одредбите на аграрната реформа. После тоа, после расформирањето на колективот, нивниот одземен имот им беше продаден на поранешните сопственици, од кои беше одземен од страна на земјоделските задруги, комбинати и сл.

Бидејќи е направена очигледна неправда и оштетување на тие поранешни сопственици, предлагам да се внесе одредба за надомест по пат на ревалоризација на дадените средства за купување на тие имоти или пак да се врши плаќање на тие имоти по сегашна парична вредност, на имотот што го

купиле, имајќи предвид дека државата неосновано се обогатува на нивна сметка.

Во членот 6 од овој Предлог закон, со кој се предлага измена во членот 7 на основниот Закон од 1998 година, предлагам да се додаде нов став кој ќе гласи "доколку поранешниот сопственик докаже во постапка дека за одземениот имот му бил определен и платен првичен надомест, да му се определи и плати разлика, според првичната вредност на одземениот имот". Ова, затоа што голем број на случаи при одземање на имот од поранешните сопственици, не бил определен правичен надоместок. Тој бил, воглавном определуван еднострано, по општинска одлука или по предлог на корисникот на експропријацијата.

На членот 9 од Предлогот на законот предлагам да се додаде нов став "Вредноста на имотот што не може да се врати во сопственост мора да биде правична и истата да се утврди со помош на стручни лица, предложен од органот за денационализација и поранешниот сопственик, односно неговите наследници, при што да се земат предвид сите околности, како што се пазарната вредност, бонитетот, квалитетот на земјиштето и др‟.

Исто така предлагам член 26 ставот 2 од Предлогот на закон за изменуваше да се измени и да гласи "Отплата на обврзниците од став 1 на овој член да се врши во рок од 15 дена или може и подоцна, но да биде поврзано со правосилноста на решението за денационализација". Наместо предложената варијанта, така да се изврши почнувајќи, како што се предлага, од 2000-та година. Правото на надомест за одземениот имот мора да уследи по правосилноста на решението за денационализација и да претставува составен дел од самото решение, а не да се утврди како идно право, после 2000-та година. При утврдувањето на тоа, во членот 42 од овој Предлог, се предлага рок од 8 месеци, како рок предвиден во основниот закон за донесување на прописите поврзани со овој закон за изменување од месец дена. Наместо 8 месеци во основниот закон, мислам дека е исправно. Меѓутоа, членот 43 од овој Предлог - закон е во е во колизија со горната одредба, бидејќи меѓу другото, предвидува односно предлага Владата на РМ најдоцна до 2002 година да му предложи на Собранието донесување на Закон за давање обврзници. Тоа, не само што е спротивно на она што се предлага во членот 42, каде се предлага донесување на прописи во врска со овој закон, да се изврши во рок од месец дена. Мислам дека има и други недостатоци, каде што може со амандманска расправа да се надополнува.

Тоа што посебно е недостаток, од аспект на нормативна форма на законот, е тоа каде што враќањето на објектите на верските заедници, а посебно на Исламската верска заедница и вакуфот не се тангира и не се тангира како еден субјект во континуитет, што како таков треба да се јави при денационализацијата. Туку, просто, поединечно се предлага парцелите одвоено да се решаваат, затоа што мислам дека мора да биде тоа како правен субјект, Исламската верска заедница и вакуфот да биде земено предвид, затоа што сопственоста на имот е голема и треба да се реши врз оваа база. Особено за жалење е тоа што еден голем дел од таа сопственост, што ја национализирала и при експропријација станала власништво на државата, после извесно време, а посебно сега, таа веќе ни државата не е власник на тоа, туку поминала во власништво на приватни лица. Таков е случајот во Охрид и Струга, каде голем дел од дуќаните, од амамите се земени од ИВЗ, то боже да се култивира во нив некој културен настан, некоја активност, или како културни споменици, а пота, на пр. Амамот во Охрид е продаден за една голема сума пари на едно приватно лице.

Мислам дека, маната на донесувањето во ова време на овој закон, се согласувам со министерот, дека требало прво да се направи денационализација па потоа приватизација. Но, барем да се имаат предвид сите овие искажани моменти за да навистина, барем материјалното обесштетување биде на ниво што е цел и на самиот закон. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Азис Положани за учество во расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри на Влада.

Денеска на дневен ред е Законот за измени и дополнувања на Законот за денационализација и чувствувам потреба и јас да се искажам.

Размислувајќи како да ја започнам мојата дискусија одлучив да почнам со еден збор, кој што ќе го употребам сега, а тоа е "најпосле". Зошто најпосле?

Имено, како што ви е на сите познато долги години наназад беше направена една, условно кажано историска неправда према граѓаните на Република Македонија, сопственици на имот.

Со национализација на имотот на истите и долги години очекуваа граѓаните истата работа да биде исправена.

После осамостојувањето на Република Македонија првата работа на која што сите граѓани помислија беше доколку се променува системот во државата, со трансформација на сопственичките односи, првиот закон кој што треба да биде донесен во ова држава е токму Законот за денационализација. Зошто тој закон да биде прв донесен? Затоа што со тој закон се регулираат сопственичките односи на начин кој што ќе направи Република Македонија да се доближи до членките на Европската Унија, онаму каде што сите партии, кои што тогаш дојдоа на власт се стремеа и кои што цело време дискутираа дека Република Македонија треба да влезе еден ден како членка на Европската Унија. Меѓутоа, за да влезе во членството на Европската Унија морате претходно да направите реформски закони, системски, кои што ќе ги регулираат односите на задоволителен начин, а еден основен или базичен закон е Законот за денационализација, односно Законот за регулирање на сопственоста во оваа држава.

Мислам дека господинот министер во своето образложение по повод донесувањето на овој закон многу убаво образложи зошто и како треба да се донесе Законот за денационализација. Меѓутоа, што се случи? Формираната експертска Влада, на која што прв премиер мислам дека беше господинот Кљусев, дали немаше храброст или доволна визија како тоа треба да се направи, или политички, не можам да одговорам во овој момент, меѓутоа овој закон се одолговлекуваше. Веројатно заради тоа што се сметаше дека има и поважни работи во државата кои што треба да бидат направени, а тоа е донесувањето на Законот за сопствена валута, Законот за армија, да се етаблира државата како таква, а на тој закон како да се заборави.

Со доаѓањето на првата политичка Влада, со првиот тогашен премиер, господинот Бранко Црвенковски сите сопственици на поранешни имоти помислија дека на власт дојде човек млад, кој што не е оптоварен со минатото и кој што ќе сфати дека, како прво ќе мора да го донесе токму тој закон, системски за да може понатаму да отпочнат реформските процеси во државата. Меѓутоа и тоа не се случи. Што се случи? Не можам да си образложам зошто е тоа така? Не можам и ден денес да сфатам и можеби некој ќе ми даде одговор некогаш, но не знам кога. Што се случи? Се случи 1998 година да биде донесен Закон за денационализација, кој што се однесуваше буквално речено за државата повеќе отколку за поранешните сопственици. Самиот Закон за денационализација донесен во април 1998 година буквално кажано ги ставаше во правни рамки претходно завршените работи од државата и затоа беше тотално неприфатлив и неприменлив во пракса. Тоа многу фино и многу јасно се покажа 1999 година кога Уставниот суд ги укина сите оние одредби кои што законот го правеа неприменлив. Сега, на мое огромно задоволство, морам да го кажам тоа, се случува сите тие одредби кои што Уставниот ги укина да бидат инкорпорирани во овој закон, кој што денеска треба да го донесеме.

Инаку, веднаш да ви кажам дека при донесувањето на Буџетот за 2000 година, на таа седница јас мислам дека побарав и амандмански во одреден сегмент да бидат ставени средства за започнување со реализација на Законот за денационализација со измените, доколку таков постоеше со укинатите одредби од Уставниот суд. Меѓутоа и тогаш фактички таквиот амандман беше одбиен и помислив дека и оваа Влада нема сили и храброст да го започне процесот кој што навистина е потребен да ја доближи Република Македонија многу поблиску до Европската Унија. Но, еве ова што се случува денеска мислам дека е прав, вистински реформски потез на Владата да се понудат предлози за измени и дополнувања на Законот за денационализација, со кои што поранешните сопственици во потполност се согласуваат и го прифаќаат како таков.

Имено, според мене Законот се носи за поранешните седници, така да доколку се тие задоволни мислам дека законот ја исполнува својата цел. Така да во овој момент можам да го искажам моето огромно задоволство од постапката што сега се спроведува и се надевам дека и колегите од опозицијата ќе најдат доблест да гласаат за овој закон, затоа што мислам дека е навистина реформски и ќе ме приближи до се она чии што желби и интенции се изразуваат во Собранието.

Мислам дека сите политички субјекти еднаш за секогаш сакаат да го решат тој проблем, а тоа е проблемот на сопственоста, бидејќи тоа е уставна категорија, за што нема алтернатива. Се она што ќе градиме понатаму ќе биде токму на заштитата на сопственоста, така да мислам дека сите пратеници во ова Собрание едногласно ќе го донесат овој закон и уште

еднаш му благодарам на г. министер што најде храброст најпосле да предложи измени и дополнувања на овој закон кој што ќе биде прифатлив за они за кои што се носи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. пратеник Ристо Спанаков за учество во расправата.

Збор има г. пратеник Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Влада, јас навистина емотивно на почетокот, кога се донесува еден ваков закон, со едно такво минато и со една таква историја сакам уште на почетокот да се придружам на претходните дискутанти, на искажаното жалење за историската неправда, која ние денес не ја исправаме, туку парцијално наметнуваме сатисфакција, донесуваме некоја сатисфакција и за жал не на оние кои се онеправдани, најчесто на оние кои се малтретирани кога е одземан имотот, не на луѓето врз кои е извршено насилството, туку во најголем број случаи на нивните наследници.

Процесот кој се покажа како спротивен на човечката цивилизација, на човечкото цивилизирано однесување, тоа го покажа историјата и времето, процесот кој се покажа спротивен на човечкото општествено живеење и процесот кој покажа дека е во колизија со стабилното и просперитетното општество, како што има многу примери денеска во светот, навистина прилика е денес кога зборуваме за овој закон да го осудиме сето тоа што се случуваше во минатото и да искажам жал од говорницава за човечките трауми и несреќни судбини случувани заради национализацијата, како и жал за нуз ефектите од овие процеси.

Кога зборуваме за нуз ефектите, пред се мислам познатите случаи на земањето на злато на луѓето, малку е вулгарно овие примери да се кажуваат, меѓутоа тоа е вистината што се случувала во тоа време, насилствата и малтретирањата на луѓето и навистина нема надоместок и сатисфакција за сите тие случаи.

Исто така, сакам да искажам жал за уште еден несреќен процес во историјата на Република Македонија предводен од идеолошка причина од тогашната комунистичко болшевистичка структура, како пример на насилно револуционерно, кампањско, преку ноќ решавање на проблемите на едно општество, што не е својствено за демократските општества од западен тип, кој своите процеси ги водеа стабилно, мирно, со суштински, долготрајни решавања на проблемите.

Реперкусии од така да кажам, лошата крв од овие случаи од тие процеси дојдоа на товар на денешните генерации, односно дојден процесот за денационализација, една несреќна судбина од минатото која се случи врз нашите генерации. Сега и ние сме принудени да носите закони, за вршиме промени кои ќе бидат брзи и можеби ќе донесат нуз ефекти, бидејќи мораме да ги донесеме и барем малку да ја исправиме таа историска неправда. Најверојатно било кое законско решение да го направиме нема да биде идеално решение. Заради тоа беа и толку големите проблеми и дискусии околу подготвувањето на Законот.

Осудата, која за мене е скоро општа за целото општество од целата денешна генерација на чинот на национализација и одземање на имотите на граѓаните од страна на државата, за мене подразбира и осуда на луѓето кои воделе и кои ги вршеле овие чинови. Тоа тие го чинеле најчесто од идеолошко политичка побуда, газејќи врз судбините на многу фамилии, газејќи врз честа на многу фамилии, често сеејќи неправда во името на некоја своја правда.

Партиите кои се трудат денес и кои се декларираат како нивни наследници, всушност и тие се денес одговорни да покажат посебна доблест, зрелост и чувство за граѓанско општество, чувство за високо граѓански права, чувство за демократија, за што се и декларираат најчесто. Тие денес треба посебно да застанат зад осудата на тој чин извршен во минатото, а можеби некои и треба да почувствуваат желба за извинување на граѓанинот.

Исто така, сакам да искажам жал што некои од живите протагонисти и официјални институции, како што се на пример Сојузот на борците на Македонија, молчат и не наоѓаат сила и доблест барем декларативно да ја признаат оваа историска неправда извршена во Македонија, па можеби и да им се извинат на оштетените и онеправдените, а знаеме дека ваквите дела не застаруваат.

Со ваквите чинови тие би правеле гестови на историско помирување, гестови од кои национално, политички и државно сите ние би се помириле во интерес на својот народ и во интерес на сите што сакаме да биде т.е. во интерес на заедничките национални интереси.

За поздравување е самиот чин на враќање на имотот на верските заедници. Посебно го знам случајот со Македонската православна црква и тоа е посебно за поздравување во овој закон. Симболично самиот чин за мене претставува конечно дезидеолигизација и модел на размислување и веќе конкретно модел на слободна определба во религиозното размислување.

Од самите измени во Законот сакам да кажам дека сметам барем во уводот, затоа што имам и амандман треба да стои осуда на таквиот чин, а посебно за мене е интересен членот 10, каде Министерството за финансии формира свои комисии или орган за денационализација. Тука бидејќи се уште веројатно ќе биде надополнет со некоја оператива и подзаконски акти апелирам овие органи да бидат по оперативни, по транспарентни и по отворени за граѓаните. Да бидат што помалку бирократизирани. Сметам дека треба да имаат локални огранoци и посебно сметам заедно со другите служби на Владата, дека ќе треба што повеќе да помагаат во увидот на граѓаните во документацијата, бидејќи таа навистина е сложена, недостасува и е дефицитарна за многу граѓани, бидејќи многу знаеме дека најголем број од луѓето кои ќе ги бараат правата од денационализацијата, не се луѓето на кои им е извршена национализација, туку тоа се нивните наследници и се очекуваат долги судски процеси. Заради тоа оперативноста на ваквото тело би можело да направи заштеда на државата, од долги судски процеси.

На крајот сакам декларативно да кажам дека го поздравувам посебно донесување на овој закон, ќе го поддржам во гласањето, со желба што помалку да има проблеми од него во практиката, да се применува практично и да биде корисен за граѓаните на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. пратеник Златко Стојменов за учество во расправата.

За збор се јави господинот Мерсел Биљали.

(Господинот Наќе Стојановски бара збор).

Господинот Наќе Стојановски процедурално бара збор.

Ве молам вклучете го господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе во излагањето на претходниот пратеник по Предлогот на измените и дополнувањата на Законот за денационализација, во еден момент беше споменатa организацијата Сојуз на борците на Република Македонија, во контекст дека она молчи и треба да им се извини на граѓаните на кои им е нанесена неправда со актите што навремено се правени по процесот на национализација.

Мислам дека споменувањето на таа ветеранска организација во тој контекст нема место од оваа говорница, затоа што тоа е ветеранска организација, организација чии членови се најголем дел членови кои учествувале во активната борба за социјална и национална слобода на Македонскиот народ и националностите на Република Македонија. Така да нема никаква врска конкретна, практична Организацијата на Сојузот на борците со процесот на национализација и т.н.

Процесот на национализација во свое време можеби е неправеден чин, неправеден чин од аспект што е вршен можеби и од поединци, но ако постои тука место за извинување, тука би требало да се извинат државните органи, Република Македонија, кои се континуитет на таа институционална држава, а никако Сојузот на борците, која е ветеранска организација. Во таа смисла, мислам дека требаше вие да реагирате околу тоа прашање, но видов дека вие токму во тој момент не го следите доволно излагачот, се договаравте нешто со секретарката, можеби тоа е ваш пропуст.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Наќе Стојановски за укажувањето.

Има реплика господинот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Толкувањето на господинот колега пратеник не беше соодветно на она што го кажав. Очигледно или не го разбрал или не го сослушал добро, бидејќи јас реков дека Организацијата на Сојузот на борците и други организации во кои има многу активни учесници, буквално молчат и не наоѓаат доблест барем декларативно да ја признаат таа историска неправда. Значи, во првиот дел реков дека тие молчат во однос на декларативноста, а сметам дека токму во таа организација има учесници во таа национализација и тие ако имаат доблест, човечка сила и ако чувствуваат некаква одговорност спрема тоа треба да најдат сила и да се извинат на граѓаните, бидејќи го

вршеле тоа од идеолошко -политичка причина во тоа време, од причини познати историски на сите нас, меѓутоа сепак интенцијата ми беше дека тие молчат како декларативност и мислам дека декларативно треба да се изјаснат за овој чин и тоа во правец на осуда на чинот. А дека таму се наоѓаат најголем број на наследници, луѓе кои се уште се живи, а го вршеле чинот на национализација, тоа за мене е вон дискусија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не би навлегувал во расправата по ова прашање, затоа што сепак сметам дека имаме овде и амандман, па ќе се произнесеме и по амандманот и сметам дека носители на таа неправда биле значајни државни органи.

Во тој дух ќе продискутираме, г-динот Кирил Петровски има поднесено амандман, ќе продискутираме и околу ова прашање, јас мислам да завршиме со расправата по ова прашање и тогаш ќе имаме можност да се произнесеме по конкретно.

Добро, повелете г-дин Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Благодарам г-дине претседателе.

Дами и господа пратеници, искрено да ви кажам јас би сакал воопшто да не сум во право кога кажувам дека и за овој Предлог за изменување и дополнување на закон, стои дневната политика и се работи за политички закон, кој би требало да донесе некое фантомско покритие или некој фантомски имиџ што структурата што ја води оваа држава ја прижелкува.

Секој од нас и тие што не слушаат од надвор имаат право да кажат - голема работа, па секој закон си има своја политика односно своја доза во политиката, тоа е точно нема ништо спорно, дури и кај нај развиените земји секој закон си има своја доза на политика. Меѓутоа тука се разликуваме круцијално. Кај тие земји политиката има цел, односно крајна цел го има интересот на граѓаните и државата, заради тоа нашата политика или политиканство или преголема доза на политика, која има за цел теснопартиски интереси или интересите на олигархијата на двајца – тројца луѓе, кои ја водат државата.

Без оглед на ова што го кажав досега, меѓутоа, ако сакаме да бидеме искрени односно до крај искрени, тогаш би требало да кажеме што е позитивно, а што е негативно во однос на измените кои се предлагаат во однос на постојниот Закон за денационализација.

Имено, мора да се признае дека предлогот донесува некои иновации, некои важни новини на пример прво, од овие новини според мене се некои до прецизирања на некои изрази, кои со постојниот или во постојниот закон не бае до крај до прецизирани, потоа има по прагматично решени одделни пропусти, со кој предлог особено еве на пример ако имотот е даден со изјава на волја, под закана или со присилба, а досегашниот закон предвидуваше дека заканата или присилбата би требало да се утврди во постапка пред суд. Тоа е невозможно, не прагматично и не практично. Многу е тешко да се враќате многу години наназад за да констатирате дали нешто е направено под закана, под присила и тоа пред суд, со факти, аргументи и т.н., меѓутоа сепак би требало да остане логичната претпоставка дека имотот никој не би сакал да го даде доброволно, освен ако не се работи за против услуга или против мера која е повеќе од реалната вредност на имотот кој го дал.

Потоа, како нова основа во Предлогот се воведува градежното не изградено земјиште, кое според Урбанистичкиот план би требало да се изгради објект од општ интерес, потоа се проширува кругот на субјекти чиј имот би требало да се врати или да се даде надомест. Меѓутоа, сето тоа не е доволно да се каже дека измените, односно ова што се предлага тука како измени на постојниот закон, се правични, реални па дури можат да се имплементираат.

Зошто го кажувам така? Не затоа што Владата не ми е симпатична, па намерно сакам да кажам така, напротив, Владата ми е многу симпатична, па дури и комична помалку, туку се во прашање аргументите кои ќе ги изнесам понатаму.

Прво, одделни решенија кои се нудат во Предлогот се до крај конфузни и можат ако се имплементираат, односно при применување на овие решенија можат да произведат конфузија, волунтаризам, не рамноправност и т.н.

На пример членот 1-а кој го проширува кругот на субјектите кои имаат право да им се врати имотот или надомест на имотот, кој според мене е конфузен, дали намерно или не останува на ниво на претпоставка меѓутоа тоа е реално. Се наведува дека се враќа имот или се надоместува имот на верски храмови, манастири одземени по Втори Август 1944 година.

Понатаму, предлогот оди да го толкува изразот "Верски храм" и кажува дека Верски храм е Христијанската црква понатаму молитвени домови, што според мене правно барем мене не ми е јасно што е тоа Молитвен дом. Од правен аспект, потоа Мохамеданска џамија и Еврејска синагога. Притоа е содржан концептот, дека имотот се враќа на оној од кого е одземен. Тука се поставува прашањето дали се дерогира постојниот легитимитет како континуитет на постојните верски заедници и религиозни групи.

Значи, се враќа имотот на се уште постојни објекти како цркви, џамии или синагоги. Ние знаеме колку цркви, џамии или синагоги воопшто не постојат, тие се срушени. Практично проблемот се индивидуализира врз верските објекти, а не врз субјективитетот на верските структури, тука биле организирани како верски заедници или религиозни групи.

Според мое длабоко мислење, мислам дека прашањето за враќањето или надоместокот на имотот кој припаѓа на верските заедници или религиозните групи или вака како што се цитира во законот, како Мухамеданска џамија, црква или синагога, е многу комплицирано прашање и не сум убеден дека ова прашање може толку лесно да се решава со неколку члена, односно дополнување на Законот за денационализација.

Напротив, ние во минатиот состав имавме одлична идеја да се донесе посебен закон, кој ќе го враќа имотот на верските структури што не е направено и се настојува вака, што мислам дека е докрај парцијално решение, дури според мене е никакво решение.

Мислам дека само, дури се осудувам да кажам дека политичките разговори помеѓу Државата, односно Власта и структурите, мислам на верските, бидејќи се работи за огромен имот нема шанси да бидеме реални докрај тој имот да се врати, бидејќи се работи за постојни капацитети кои не можат да одговараат на состојбата, мислам дека со еден договор, со една спогодба помеѓу структурата на власта и верските структури да се изнајдеа компромисно решение, но законски не сум убеден дека таа работа може да се направи.

Второ, како недостаток на Предлогот за донесување на закон, Предлогот предвидува враќање на имотот на евреите кои присилно биле депортирани од фашизмот, а не на насилници, од хуман аспект тоа држи и јас го поддржувам, меѓутоа, според мене е нејасна целта што сака да постигне власта, односно државата дали е целта да се додворуваме на некои структури, на некои силни корпорации или силни финансиски организации тоа останува во доменот на Резолуцијата, но и тоа не е лошо, но мислам дека ова прашање исто така би требало да се решава со посебен закон. Вака не сум сигурен дека целта ќе се постигне, напротив, ефектот ќе биде спротивен. Логично ако постапката, бидејќи се работи за лица кои немаат наследници, се поставува прашањето, кој ќе ја води постапката. Предлагачот мисли дека постапката би требало да ја води "екс официо - по службена должност" државата, вклучувајќи ја тука Еврејската заедница на Република Македонија што мислам дека ништо нема од тоа, тоа ми личи на борба со сопствената сенка.

Трето, во однос на она што го кажав до сега воопшто немам против, дури го поддржувам јавно изградувањето на некои објекти или споменик за Колокаусот на Евреите во државата, но тој објект би требало да се финансира од државата, односно Буџетот.

Четврто, по барање на денационализацијата одлучува министерот за финансии, за разлика од постојната формулација или постојната одредба која гласи дека одлучува Министерството за финансии, односно Управата за имотно правни односи. Тука се поставува прашањето што ќе прави министерот со безброј предмети, дали би требало да биде некој супермен министер за да излезе на крај со толкав број на предмети или некој сличен над човечки феномен јас не знам, без оглед на тоа што пишува дека министерот може да формира оддени помошни тела и т.н.

Петто, предлогот предвидува можност како надомест со обврзници ако не се остварува надоместокот по пат на давање на друг ист имот или акции или удели од државната сопственост, тогаш доаѓаат предвид обврзниците. Дури се предвидува да се донесе Закон за обврзници кои според предлагачот би требало да се донесе некаде 2002 година. Дотогаш веројатно ќе се врши евиденцијата колку имот би требало да се евидентира со обврзници. Тука мислам дека граѓаните можат веројатно ќе ги доведеме до голема не рамноправност од причина што тие обврзници ќе циркулираат на пазарот и сигурно ќе им падне цената, така што ќе имаме случај кога за ист имот различни граѓани ќе земат различна реална вредност.

На крај да кажам и иако не сум сигурен дека е така, јас немам информации

дали според Законот за денационализација, мислам на постојниот кој предвидуваше рок за донесување на два подзаконски акти, кои ќе се однесуваат на спроведување на постапката за денационализација или за проценката на вредноста се донесени или не, јас неман таква информација веројатно предлагачот тоа ќе го до објасни, ако не значи се прекршува Законот  и тоа е еден факт, еден доказ повеќе дека далеку ќе бидеме многу од имплементацијата на овој закон. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Мерсел Биљали за учество во расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Кирил Настески.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Во врска со Предлогот за донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот на денационализација, со Предлог на закон, сакам да ги коментирам решенијата предложени со законот, кои што се однесуваат на градежното земјиште и да дадам неколку предлози, во врска со тоа.

Со членот 7, на овој Закон, не се враќа во сопственост имотот, поради постоење на јавен интерес. Даден е широк дијапазон на таканаречен, јавен интерес, не само за објектите на инфраструктурата, одбраната или безбедноста, не само за објектите определени со Закон за експропријација, туку и за објекти од јавен интерес, определени со многу други закони.

Со овој член, не се враќа во сопственост, дури ни земјиште, кое се користи за вршење на дејности од јавен интерес, кој исто така, ги има многу.

Овде сакам да потенцирам дека не е направен селективен приод, имајќи предвид дека многу дејности од јавен интерес, можат да се јавуваат од приватни лица, односно оние лица, на кои што требеа имотот да им се врати со овој Закон.

На пример, во комуналните дејности, исто и тие се од јавен интерес, многу дејности може да ги обавува приватно лице, се разбира, на свое национализирано земјиште, кое што е сега, а еве тоа не може на такво лице да му се врати.

Исто така и во инфраструктурата. Зошто сега национализиран имот да не може да се врати за изградба на пример за паркиралишта, за гаражи и т.н., на сопственикот и тој тоа да го користи, а практично, со овој Закон не се враќа, бидејќи е предвидена градба на таков комунален објект, кој што е од јавен интерес.

Според тоа, точката 3 од овој член, не се врќа во сопственост на изградено градежно земјиште, на кое според урбанистичкиот план, е предвидена изградба на објекти од јавен интерес.

Прво, овде прашањето е кој за ваквите случаи ќе им го плаќа надоместокот на овие лица, дали тоа ќе биде државата, во случајот кога објекти од јавен интерес нема да ги гради само државата, но можат да ги градат и други субјекти, кои што можеби, сега не се ни познати, а практично, не се враќа, а треба да се плати тој имот.

Второ, има ли согледување државата, колкави се тие имоти, предвидени со урбанистичките планови за изградба на објекти од јавен интерес. Колкава е вредноста на тоа земјиште и колку пари за тоа е потребно.

Претпоставка е дека тоа се огромни имоти и аналогно на тоа, треба огромни средства. Замислете, за сите градови и населени места, за кои што се донесени урбанистички планови, за површините, кои што според урбанистичкиот план е предвидена изградба на објекти од јавен интерес, државата сега треба да плати. Нема да му го враќа имотот, туку треба да плати.

Трето, со овој член не е ништо кажано, дали ќе се враќа градежно не изградено земјиште, во случајот кога со измени и дополнувања на Урбанистичкиот план, ќе се  измени намената, нема да биде јавен интерес, туку некоја друга намена, која што, нема да подлежи на овој закон, а сопственикот нема да го добие. Значи, тоа не е кажано со овој закон.

Според тоа, произлегува дека градежно неизградено земјиште во целина, треба да се враќа на поранешниот сопственик, без разлика на намената според Урбанистичкиот план. А некому, ако тоа земјиште му треба или ќе го купи или согласно прописите, ќе се експроприраат и повторно ќе се изгради објектот, кој што е предвиден, согласно Урбанистичкиот план за јавен интерес.

Практично сметам дека со овој дел на членот, се врши повторна национализација на имотот. Значи, имотот нема да се враќа, разликата е во тоа што треба да му се плати на сопственикот.

Малку коментар ќе дадам на членот 8 од Законот. Со овој член, кој заправо е нов член 9-а во Законот, не се враќа во сопственост имот, на кој право на сопственост стекнало друго физичко или правно лице, со правно дело или одлука на надлежен орган. Не е доволно прецизирано, дали под право на сопственост, се подразбираат и корисничките права: право на трајно користење и право на користење, како што ги имаше тие своевремено и денес не се трансформирани во права на сопственост. Во тој случај, следствено, треба да се расчисти прашањето, со корисничките права, па потоа да се одлучува на враќањето на имотот.

Ова особено е важно, во случаите со градежното земјиште. Од друга страна, овој член е во спротивност со членот 22-б, од овој закон, каде се вели, дека се враќа градежно земјиште, иако е доделено на друго лице, кога не е приведено кон целта, за кое е доделено. Значи, еднаш велиме дека, ако постојат некакви права, тогаш не се враќа, а овде се враќа. Тие два члена се конфузни и се во директна спротивност.

Ќе дадам коментар за членот 22-а. Овој член се однесува на одземено земјоделско земјиште, а кога не е реализирана целта, за кое било одземено земјиштето и станува градежно земјиште, притоа, поранешниот сопственик може, покрај другото, да побара враќање на земјиштето. Но треба да ја плати разликата, помеѓу одземеното земјиште и зголемената вредност на сега градежно земјиште, според прописите за определување на вредноста на градежното земјиште.

Овде се поставува едно прашање, кое не е решено, а тоа е ако сега градежното не изградено земјиште е доделено на користење, а не е приведено кон целта, тој корисник, на кого што сега му е доделено, платил надоместок за пренамена на земјоделско земјиште во градежно земјиште. Што ако корисничкото право нему му се одземе, треба надоместокот нему да му се врати, исто како и надоместокот за добивање на земјиштето на користење. Значи тука сега имаме два процеса. Едниот, што треба да се отчитаме кон оној на кого што му било доделено градежното земјиште, да му го одземеме, да му ги вратиме сите надоместоци, па да му го вратиме на поранешниот сопственик, зборувам за земјиште, кое не е приведено кон целта, кое што не е изградено.

На сето тоа згора, на поранешниот сопственик, сега треба да му се натовари и зголемената вредност на градежното земјиште и пренамената од земјоделско во градежно земјиште. Значи, тоа сепак е една голема давачка, која што во сите случаи, разликата што треба да ја плати оној на кого ќе му се врати национализираното земјиште, ќе биде многу поголема, отколку што била вредноста на градежното земјиште.

Членот 22-б. Овој член зборува за дека градежното земјиште се враќа во сопственост. Со точка 2 од овој член се решаваат два случаја: кога не е реализирана целта, за која било одземено земјиштето, што е неспорно и е по едноставно за решавање. Потоа зборува, кога била реализирана целта, за кое било одземено градежното земјиште. Тоа е малку несфатливо. Значи, ако е изграден објект, ќе треба на сопственикот да му вратиш, значи била реализирана целта, што е по комплицирано и создава проблеми.

Со овој член, можат да настанат повеќе проблеми, кои ќе го комплицираат воопшто, спроведувањето на членот. На цивилизираното градежно земјиште се одзело од користење на поранешниот сопственик и тоа земјиште се доделува на користење, со акт на надлежен орган. Корисникот за тоа платил надоместок за земјиштето и надоместок за уредување на градежно земјиште. Ако корисникот не го довел земјиштето кон целта, за што му е одземено, според предлогот на овој закон, тоа се враќа на поранешниот сопственик. Овде спорно е прашањето: како ќе се расчисти надоместокот што корисникот го платил за земјиштето. Кој ќе го враќа тој надоместок, бидејќи тој се уплаќаше при општините и при државата, во посебно време. Како и кој ќе ги враќа средствата на корисникот, што тој ги уплатил за уредување на градежно земјиште. Овој надоместок се уплаќа во општините. Тоа значи дека и општините треба да бидат инволвирани во овој закон, или тие надоместоци ќе ги превзема државата.

Вакви случаи не се малку, а барем, во образложението, немаме податок, за колкави средства се работи и како и кој овие средства ќе ги враќа. Нема логика, тие средства да се враќаат по принципите за денационализација, веројатно за 10, 15 па и 20 години, можеби и повеќе и граѓаните тие средства ќе ги бараат одеднаш, а по се изгледа, ќе останат заробени во општината или во државата.

Уште едно прашање останува проблематично. Кога некое градежно земјиште се национализирало, не било

уредено, сега кога тоа земјиште се враќа, тоа е уредено.

Дали, кога се враќа ваквото градежно земјиште, сопственикот ќе треба да плати разлика, согласно прописите за вредноста на градежното земјиште, аналогно на член 22-а, кога земјоделското земјиште, кое станало градежно, односно му се зголемила неговата вредност, се враќа на поранешниот сопственик, тој е должен да ја плати таа разлика, за зголемената вредност на земјиштето. Или, кој ќе го надомести надоместокот за уредување на градежно земјиште, кој во вакви случаи, треба да се врати на корисникот, кој треба да го отстапи градежното земјиште, односно да се врати на поранешниот сопственик.

На крајот, сакам уште еден мал коментар да дадам. Во овој закон, на ниедно место не е кажано, како ќе се враќа во сопственост градежно земјиште, кое му е доделено на користење на истиот тој сопственик, како на поранешен сопственик, односно како ќе се трансформира правото на користење, во право на сопственост. Ова можеби задира во Законот за градежно земјиште, но со оглед на тоа што во овој закон станува збор за враќање на национализирано градежно земјиште, ова прашање треба овде да се расчисти со овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Кирил Настевски за учество во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Димитар Батковски.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Ви благодарам почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, господа пратеници, јас најнапред морам да изразам еден револт кон еден од претходните дискутанти, кога кажа дека оваа Влада, за него е смешна. И од десната страна, односно левата моја страна, наиде навистина на потсмев.

Сметам дека еден ваков закон, кој што се предлага закон, кој што преставува за секого од нас пратениците и за сите граѓани еден празник, затоа што овој момент некој го чекале над 50 години. Сега имаме таква Влада, која што предлага еден ваков закон, односно еден темелен закон, во однос на нашата државност, мене ми се чини не е смешна. Тоа повеќе зборува за дотичниот пратеник, отколку за Владата.

Јас, во врска со овој закон, сакам да изразам големо задоволство, што еве во овој момент, во овој Парламент, нашата Влада донесува закон, кој што ги исправа неправдите, што се нанесени над долги 50 години.

Морам да признам, дека јас сум среќен, што јас како член на овој Парламент, ќе бидам непосреден учесник во донесувањето на овој закон.

Да признам, мене и на моите предци, не им е одземен имот, бидејќи немало што да им се национализира. Меѓутоа, јас како човек, како граѓанин на оваа држава, како член на овој Парламент, навистина сум многу потресен и сакам чувство на задоволство, на среќа, на еден ваков начин да го изразам, пред овој Парламент и пред целата наша македонска јавност.

Нашата Влада и овој Парламент превземаат еден огромен, материјален и финансиски товар. Но, огромната неправда, што е нанесена на нашите граѓани, нема многу да ми претставува тежина, а секако и на сите граѓани на оваа наша држава, затоа што ние кога тогаш, мораме да го направиме. Затоа што, со Законот за национализација, направена е една огромна неправда, згазена е честа и достоинството на многу наши граѓани, на многу наши жители.

Јас во оваа прилика ќе кажам една синтагма, која што е одомаќена кај нас, кога на овие граѓани, на кој што присилно им е одземен имотот, кога присилно им е одземено целото нивно богатство, ним им е носена музика и ги терале да играат. И оттаму доаѓа, "ќе даваш и оро ќе играш". Да биде иронијата уште поголема, ги терале да водат оро, а им го земаат животот. Му е одземаат иднината не само на него, туку и на нивните потомци.

Многу од тие наши граѓани, на кои им е одземен имотот, денеска не се меѓу живите. Но, нивните потомци, нивните наследници, тие се тие, кои што ќе сфатат дека една неправда, која што е направена, кога тогаш мора да се исправи. Мора да дојде некој, кој што таа неправда ќе ја исправи. Тоа ќе преставува олеснување, не само за нив, туку тоа ќе значи олеснување и за нивните мртви предци. Скоро сите ние пратеници од овој Парламент сме генерација по Втората светска војна, некои многу помлади. Ние можеби, некои работи, не можеме да ги сфатиме, затоа што долго време живеевме во една заблуда, а кај некои, за жал, таа заблуда се уште не може да се искорени. Затоа што на овие наши граѓани, на кои им беше одземен имотот, беа претставувани како воени богаташи, воени профитери, експлоататори и што уште не. Замислете, каква иронија. Сега, долго

време ние живеевме со тоа убедување и тоа убедување, нам ни беше всадувано во нашата свест и тоа е најтрагично по мене.

Со тек на време, требаше да изминат 50 години и во нашата свест некои работи да ни станат многу појасни. Тие не биле воени профитери, тие биле домаќини, тие биле граѓани, кои што ако нашата тогашна власт се поучила од нив, како тие станале домаќини на тој имот што го имале, можеби ние ќе бевме многу подалеку. А, не да им се одземе тој имот, да се затвораат, да се присилуваат и т.н., само затоа што биле паметни, што овозможиле да творат, што создале богатство и што знаеле да го користат богатството.

За сите тие неправди што се нанесени, може да се зборува на долго и широко. Може да се пишува продолжение, може да се снимаат и филмови и т.н. Меѓутоа, сето тоа, јас предлагам сепак, да се заборави, затоа што во овој момент, овој е свечен чин сега, ние како современици, како пратеници овој закон што ќе го изгласаме, во тоа не се сомневам, ќе го изгласаме овој закон, сепак ќе се исправат, дел од тие неправди. Ние треба да сме свесни дека целосно тоа не можеме да го исправиме. Зошто? Затоа што, одземено е многу материјално богатство, многу имот, движен, недвижен, пари, и што уште не. Многу од тие грабежи, би рекол, не се земени со некои записници, комисиски и т.н. Земени се со сила, со една принуда, која што оставила длабоки траги, кај тој наш граѓанин, кај тој наш Македонец и не само Македонец и сите националности во нашава држава.

Затоа, во оваа прилика, можеби ќе биде тешко целосно тие да се обештетат, јас сум убеден дека тоа е неможно. Меѓутоа, тие сигурно ќе сфатат дека колку тоа обештетување да биде и само мал дел, од она што го изгубиле нивните предци, за овие генерации, нивните потомци, ќе значи сатисфакција што тие верувам, ќе бидат задоволени и со тој мал дел, затоа што тие веруваат, дека ништо и никогаш нема да се повратат на нивните огништа, нема да си ги земат своите имоти, затоа што тие, еден период, беа задоволни да им се симнат нивните етикети, дека се тие богаташи од војната, профитери и т.н.

А сега, еве и со овој закон, тие не само што, не се тие што тоа до сега беа, во едно минато време, туку тие сега добиваат целосна сатисфакција, тие навистина, можат слободно да творат, слободно да располагаат со тој имот, кој што навистина е нивен. Навистина можат да го оплодуваат и создаваат за идните генерации.

Овој Предлог закон има и одредени недостатоци, кој што во расправата во текстот, верувам ќе бидат отстранети и ќе добиеме закон, кој ќе биде прифатлив за сите граѓани на оваа држава, а исто така и за нашата држава, која што смогнува сили, во овие тешки времиња, во ова тешко бреме кога што државата со судни маки ги подмирува и оние секојдневни потреби што ги има овој народ и оваа власт, сепак смогнува сили да најде начин да се оддолжи кон овие наши граѓани. Тоа е обврска на оваа Влада на сите овие граѓани.

Затоа, уште еднаш ќе кажам оваа Влада, оваа власт, овој Парламент, не се смешни.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Димитар Батковски.

Процедурално се јави господинот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван господине претседателе, ве молам сите пратеници, кои што по повод донесувањето на овој закон говорат со висока емоционална возбуда, со емоционална потресеност и кој што го прогласуваат овој закон за револуционерен чин со реформска ориентација, овој момент го прогласуваат за историски чин, на исправањето на историските неправди што се направени и т.н., и кои што се многу среќни, што во овој момент учествуваат и се дел од Собранието на Република Македонија, која што донесува еден ваков значаен закон, да ги потсетите само на тоа дека Законот за денационализација е донесен во 1998 година, од страна на парламентарното мнозинство во тој состав и дека денес всушност, ние расправаме само за измени на Законот за денационализација, што е донесен во 1998 година и да говориме всушност, дали тие измени ќе се покажат како добри или лоши на тој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ѓорѓи Спасов.

За реплика се јавува господинот пратеник Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Јас се извинувам господине претседателе, меѓутоа морам да му реплицирам на господинот Ѓорѓи Спасов. Навистина, тој закон беше донесен 1998 година, меѓутоа ако добро ги погледнат сите одредби, кој што беа во него воспоставени,

тој закон всушност, претставуваше нова национализација и ставање на веќе извршената национализација 1948 година во правна рамка.

Така што Уставниот суд, мислам дека тоа требаше да го потенцира господинот Спасов, 1999 година ги укина сите оние одредби, кои што тој закон го правеа потполно неприменлив и сега точно тоа се случува денеска. Тие укинати одредби од Уставниот суд се имплементираат, по Предлогот за изменување и дополнување на овој Закон за денационализација.

Колку за волја на вистината, за тоа сакав да се јавам, да му реплицирам на господинот Спасов.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Ристо Спанаков за учество во расправата.

За реплика се јавува господинот Батковски Димитар.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Јас се јавив за реплика на господинот Спасов, да му кажам дека овие емоции, оваа моја дискусија не треба да ја сфати никако поинаку, меѓутоа јас го имам пред мене писмото, на Здружението на заштита на интересите на сопствениците на одземените имоти.

Тоа писмо го има и г. Спасов и тоа писмо покрај другото, ме поттикна на една ваква дискусија, која можеби на некого му има поинаков призвук.

Меѓутоа, да кажам и да изнесам дека почитуваниот пратеник Спасов она што го кажува за тој закон, да се донесе тој закон личеше да се направи закон со кој на еден начин ќе се направи уште една денационализација и во таа смисла ако тоа беше вистински закон ќе беше веќе применлив.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Ѓорѓи Спасов повторно се јавува за збор.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Само една реченица да кажам. Ако тој закон навистина беше таков каков што сакаа да го прикажат овие господа тогаш како парламентарно мнозинство и во име на Владата можеа да предложат прво укинување на тој закон, поднесување на сосема нов закон, со нови начела, нови принципи и нови одредби, а не да извршат само неколку измени и дополнувања на овој закон.

Меѓутоа, какви ќе бидат измените и дополнувањата, како ќе се покажат тоа треба да го покаже практиката. Прокламирањето на овие измени и дополнувања за некаков револуционерен чин, сметам дека не соодветствува на она што денес го правиме на оваа седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Ѓорѓи Спасов.

Има збор г. Борислав Трповски.

**БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ:**

Господине претседателе, почитуван министер за финансии, почитувани колеги пратеници, Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за денационализација е сепак прилог на веќе заземениот политички став за обештетување на поранешните сопственици на кои им е одземен имот. Впрочем, во 1998 година беше донесен Законот за денационализација.

Мислам дека по ова прашање во суштина постои консензус од сите политички партии со цел што е можно поправедно ова прашање да се реши. Точно е дека не постои идеален закон, со кој би се регулирале имотно правни односи настанати со национализацијата, како и со други присилни прописи, но затоа пак постои реална можност тие односи да се решат на нај соодветен начин.

Според мое мислење, реално обесштетување на поранешните сопственици би настанало кога на поранешните сопственици во целина би им се вратил имотот што постои или истите би станале сосопственици над нивен имот, кој претрпел физички промени, а за имот кој не постои на поранешните сопственици да им се изврши паричен надоместок, а не надоместок во обврзници, кои според Предлогот на законот ќе бидат наплатени дури после четири години. Впрочем, тука го изнесувам и мислењето на претставници на Здружението на поранешните сопственици, кои секогаш се залагаа за правилен надоместок и тој надоместок да биде во парична форма.

Иако со понудениот Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за денационализација се врши усогласување со ставовите на Уставниот суд, сепак понудените законски одредби содржат не прецизности и не доречености, кои би претставувале проблем при реализацијата на процесот на денационализација. Во суштина, како што можев да слушнам и од изготвувачот на овој Предлог, не постојат

суштински промени во Предлогот за изменување и дополнување на Законот за денационализација. Меѓутоа, реков, постојат одредени не прецизности и не дорečености.

Во оваа смисла, јас би истакнал неколку членови на кои сметам дека треба посебно да се обрне внимание и претставуваат одредена суштина и задираат во концептот на предлагачот на овој предлог.

Прво, се работи за член 2, со кој по член 1 се додава нов член 1-а. Став 2, со кој е предвидено за имотот одземен и кој врз основа на закон им е пренесен во сопственост на општините и Град Скопје, се дава надомест, што сметам дека е спротивно и го нарушува основниот концепт на законот. Се прашувам дали сето ова е во согласност со Уставот. Ако законодавецот и предлагачот, изготвувачот на овој закон, се залага да се врати пред се имотот кој постои, јас не знам зошто е потребно да се стави овој став на член 1-а. Ние имаме случаи голем број од имотот да биде во сопственост на општините. Според тоа, тој постои. Овој имот општините го имаат издадено или го имаат пренесено на користење на сосема други субјекти. Според тоа, не постои никаков основ овој имот да не биде вратен на поранешните сопственици. Мислам дека тука ќе се сопнеме во самата реализација на овој закон.

Понатаму, во член 5 мислам дека сепак е непрецизна формулацијата, која се однесува на тоа дека предмет на денационализација не се предмети и објекти од особено културно и историско значење. Сметам дека тука треба да се даде формулацијата, која е дадена во Законот за трансформација на општествениот капитал, каде стои дека во овој случај би требало на денационализација да не бидат културно - историските сопственици, кои се утврдени со закон.

Во член 7 точка 4 стои дека не се враќа во сопственост поради постоење на јавен интерес, а се дава надомест за имот кој по одземањето се користи за вршење дејности од јавен интерес, утврдени со закон. Тука е забелешката од аспект на непрецизност во смисла дека не се знае за кој имот всушност се работи, на кој имот ова се однесува.

Член 8 до Предлогот со кој во член 9 на Законот за денационализација се додава нов член 9-а, точка 1 е непрецизен и спротивен на Законот за облигациони односи. Во оваа одредба ставот да не се враќа во сопственост имот, а да се дава надомест обврзници за имот, што е продаден на физичко лице со правно дело, мислам дека е против законито, во случај ако имаме покренато судска постапка. Имено, ако е покрената судска постапка и постои судска забрана за приватизација, во тој случај правното дело е ништовно. Мислам дека овој став изостанува, бидејќи имаме и конкретни случаи во практиката, каде веќе се покренати судски постапки, има донесено судска одлука, времена мерка, каде е сопрена приватизацијата и од аспект на една ваква судска одлука мислам дека тоа правно дело за продажба на имотот е ништовно.

Во Предлогот на законот за измени и дополнувања на Законот за денационализација, мислам дека е направен пропуст што не е поништена одредбата од член 29 од Законот, со кој е предвидено да не се враќа во сопственост имот на поранешни сопственици, туку им се дава надомест во обврзници ако имотот се наоѓа во претпријатие кое е во стечај или пак порано на тоа претпријатие е спроведен стечај.

Исто така сакам да истакнам дека постои контрадикторност во предложените законски одредби, во однос на градежното земјиште. Имено, член 22-б, каде градежното земјиште се враќа во сопственост на поранешните сопственици, во однос на член 7 точка 3, каде стои дека неизграденото градежно земјиште не се враќа на поранешните сопственици, мислам дека оваа формулација е потполно непрецизна, бидејќи не упатува на кое не изградено градежно земјиште се однесува и кое нема да се врати во сопственост, поради постоење на јавен интерес.

Иако го поддржувам Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за денационализација, сепак сметам дека предлагачот ќе ги прифати изнесените забелешки, со што би се отстраниле напред наведените недостатоци и недоречености, бидејќи во спротивност, освен што имаме политичка волја за донесување на законот, сепак треба да имаме и политичка волја за спроведувањето на овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Борислав Трповски.

Има збор г. пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, господине министер, почитувани пратеници, Мислам дека една работа претходно ја расчистивме, а тоа е дека станува збор за изменување и дополнување на Законот за денационализација, донесен 1998 година, особено за надградба на тој закон. На овој проблем би сакал да укажам, пред да се осврнам на измените и дополнувањата на овој закон. За разлика од г. Батковски, јас сум еден од наследниците на кои им е одземен имот, покрај другите и сум имал чест и задоволство да живеам со мојот дедо на кој му е одземен имотот до својата 30 година и затоа се согласувам со него во делот на она што се случува да не коментираме, бидејќи ако тој е задоволен јас, бидејќи имам личен интерес и лична сатисфакција и моето семејство, порадосен сум од него.

Затоа, тука сакам да кажам дека вршиме измена и дополнување на еден закон во една чуда правна процедура. Закон кој првпат е во примената во практиката, а вршиме измена и дополнување на закон кој не е применет, односно делумно е применет, затоа што со влегувањето во сила на 7 јануари 1999 година, не беа донесени и исполнети претходните услови и уредби од страна на Владата и уредби, две од страна на министерот. Значи, теоретско надополнување. Од друга страна, бидејќи државата на реагираше во дадениот случај, корисниците почнаа да го остваруваат своето право врз основа на овој закон, поднесоа тужби за укинување на одредени пресуди за да можат да бидат наследници и тужби за враќање на имотот.

Тоа е едниот битен елемент, што значи менуваме закон кој не го видел на практиката, обично законите кои имаат недостатоци во примената претрпуваат измени и дополнувања.

Другиот елемент е следниот. И во своето искажување министерот коректно прикажа кои се причините и потребите за измена, тоа е Одлуката на Уставниот суд. Затоа прво би ја цитирал Одлуката на Уставниот суд. Напоменувам дека ја цитирам Одлуката во образложението или диспозитивот. Уставниот суд вели:

Со овој закон државата всушност ја исполни својата уставна обврска за признавање на правото на сопственост на поранешните сопственици. Се мисли на законот кој во основа е донесен.

Покрај тоа, на барање на одредени покренувачи, Уставниот суд укина одредени одредби. Мораме да кажеме дека Законот за денационализација во своите основни одредби не е укинат. Бидејќи одредени дискутанти велат, врз основа на таа одлука законот не бил за денационализација, законот бил за нова национализација.

Господа пратеници, Уставниот суд го укина членот 2. Министерот го кажа тоа. Тогашните предлагачи, тогашниот Парламент сметаше дека набројувањето е посилно правно дејство отколку да не се набројува. Во овој дел имаше алтернативни решенија, во кои и се набројуваа прописите на присила со кои е вршено одземање и постоеше алтернатива, како што е сегашното решение.

Другиот дел во однос на Уставниот суд, тргнувајќи и почитувајќи го членот 30 од Уставот, донесе некои конкретни одредби во однос на делот на становите, бидејќи становите треба да се враќаат. Исто така, донесе во делот на концесиите, бидејќи и оние имот и јавни добра кои се под концесија може да се враќаат, донесе определени одредби за техничко - технолошката целина, постапката која ја истакнав за стечај и дека на обврзниците мора да има камата. Во основа не се мали измените, но не се такви кои го доведуваат во прашање функционирањето и основниот принцип на овој закон.

Врз основа на кои принципи се засноваше Законот за денационализација во 1998 година? Уверен сум и сигурен дека и овој закон се заснова на тие принципи и го надградува во тој дел.

Основниот принцип беше од законот кој е во сила и кој го менуваме, дека државата изразува волја да го врати имотот што е порано одземен, да ги исправи односно да корегира една историска неправда, пропишувајќи ги притоа правилата на игра кои ќе овозможат тоа дефакто да го направи. Ќе зборувам за тоа дека и претходната Влада и оваа Влада за оваа година ипол не го направи тоа. Фактички, не отпочна со спроведувањето на Законот за денационализација. Министерот кажа кои се причините, дури ја спомена и косовската војна, ќе се вратам на тој дел.

Вториот основен принцип, ќе потенцирам, на кој се засноваше законот и се заснова за денационализација, а и овие измени, тоа е секаде каде што е можно да се оди на враќање на имотот во физичка односно натурална форма, со цел среднорочно и долгорочно гледано да се намали готовинското плаќање од буџетот, што претставува посебен финансиски товар

за Република Македонија. И тоа го потенцира министерот.

Третиот принцип, на кој се повикуваат измените на законот, е тоа што понудените законски решенија на Законот за денационализација и измените мора да бидат во согласност со економско - финансиските можности на земјата.

Тоа е можеби еден од првите и тој принцип во основа и овие надградби и овие измени го почитуваат, со тоа што и претходниот и законот што е во сила, нудат прво имот кој го има Република Македонија како држава, удели и акции, а потоа да се даваат ќеш пари. Но состојбата во тој дел има една друга интересна работа, пред се, тука е големиот надворешен финансиски долг на Република Македонија. За тоа се водело сметка и сигурно министерот води сметка кој изнесува околу 1.390.000.000 долари. Вториот е големиот внатрешен долг по основ на старото девизно штедење, кој е предмет и на оваа седница и исто така големиот дел и на министерот и на Владата им е познат, од претходната Влада преземен за делот за санација на банките во Република Македонија и обврските кои ги превземавме во тој дел на материјално - финансиски можности на државата е тоа што земаме обврски од 2001 година за пензиско - инвалидското осигурување, во кој буџетот на Република Македонија треба да ги алиментира оние 7% од 20% од бруто платата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (Продолжение)

Тоа се оние основни принципи кои ние сите како пратеници треба да ги почитуваме и да ги надградуваме.

Другиот дел, основ кој беше покрај тоа што ова е теоретски не применет закон, одлуката на Уставниот суд беше уште една многу битна компонента на предлагачот и Парламентот кој го донесе законот. Тоа се двата закони кои Парламентот ги предлагаше, ги подготвуваше и дури Законот за враќање на имотот цитирам "на Македонската православна црква" беше на дневен ред на претходниот Парламент од пратеникот Вељо Тантаров, беше повлечен по работни тела со укажување да се вклучат сите верски заедници. Со тоа што Владата зеде обврска дека ќе понуди специјален Закон за враќање на имотите на верските заедници, лек специјалис.

Добро е врз основа на тој закон, сигурно искуствата во овој закон се вметнати новини за враќање на имотите на црквата и сигурно доаѓа до надградба. И другиот закон кој Владата сега тврди дека е во владина процедура, или готов и ќе дојде во Парламентот, тоа е Законот за градежно земјиште, еден од нај битните и нај важните закони за Република Македонија, бидејќи во овој момент ние не можеме да очекуваме странски инвеститори, странец кој ќе вложи капитал. Затоа и Владата го има забележано и оценето тоа кога ќе дојде странскиот инвеститор, кога ќе му кажеш дека не може да има земјиште во негова сопственост. Тој проблем не е решен во Република Македонија.

И затоа инвеститорите или не инвестираат или го чекаат тој дел. Министерот во работните тела укажа дека Законот е готов и ќе биде во постапка. Затоа и претходната влада сметаше, тој закон беше готов, го потврди лично и советникот на сегашниот министер тука почитуваниот професор Стеван Георгиевски. Овој Парламент треба да го донесе и Законот за градежно земјиште, во кој ќе биде регулирано и враќањето, бидејќи проблемот за денационализација со присилните прописи и Законот за градежното земјиште малку е поинаку регулиран и во однос на времетраењето и во однос на обврските. Но, предлагачот мислам дека не е лошо доколку не настанат одредени проблеми дефакто во примената, ќе го стави во овој закон. И нема никакво недоразбирање во надградбата што го ставила и е добро. Јас лично сметам и укажав на работните тела дека ќе дојде до одредени недоразбирања во делот на враќањето, бидејќи не може да се доработи во Закон за денационализација со еден сегмент како што истакна министерот од два члена, бидејќи Законот за градежно земјиште е огромен го регулира целокупниот дел, но тој процес е решен со овој закон, со Законот за градежно земјиште ќе се решаваат другите елементи во однос на странците во однос на закуп и слично. Тие се прашањата пред овој Парламент кои се дополнети и кои предлагачот ги имал во предвид. И затоа се работеше за закон кое што го цитирав за денационализација, а не за национализација.

Кои се основните прашања што се поставија од страна на пратениците? Зошто не беше донесен законот порано, туку беше донесен во 1998 година, па се бараа одговори. Па знаете, во делот не ви реков, се вративме прво назад за што се одземани со разни квалификации, а јас кажав лично и преку моето семејство тоа се осетило. Зошто не беше донесен законот, самиот кој прашуваше пратеникот укажа, експертската Влада беше. Но јас морам да кажам дека

СДСМ во своите програмски основи имаше зацртано денационализацијата. Во делот, тука е претходното прашање на кое што треба да се одговори, но никој не може, тоа е Парламентот. Парламентот одлучил Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал да се внесе одредба во која на поранешните сопственици ќе им се остави имот или акции во одреден дел. Сега со овој закон да може да ги користи. Дали миже некој да објасни, иако се правеа напори, морам тоа да го кажам како претставник на партијата во овој Парламент и пратеник за двата претходни парламенти, особено бидејќи постапката започна некаде во вториот парламентарен состав, Владата го предложи во една варијанта, се работеа многу варијанти, се договараше, се преговараше со корисниците, со сите учесници па се спроведуваа некои од познатите анкети. И знаете што се случи? Се случи во Република Македонија според тие анкети, на секого во Република Македонија да му е одземено на кого градежно земјиште, на кого станови, немаше граѓанин на кого нешто не му е одземено во тие пријави. Дали беше тоа грешка на Владата или не, јас не би можел да кажам, но се изгуби еден голем дел во тие анкети. И тоа беше во една постапка која доликува на еден вака сложен и битен закон кој се донесе во 1998 година. Дали имаше кривица Владата, незнам.

Сега второто прашање што беше поставено и што треба овде да го расчистиме. Зошто законот не беше применет? Знаете, Законот се донесе можеби како оваа Влада што тактизира ќе кажам, обврзниците да дојдат во другиот дел, можеби во тој дел беше. Владата и Парламентот донесе дека, одредбите за спроведување на законот треба да се донесат во рок од 8 месеци. Што би било најлогично и министерот укажа, се носат или во 6 месеци или во година дена. Беше 8 месеци, но Владата реално да кажеме сметаше дека, нај нормално парламентарни избори има, ќе се конституираат ако имаат континуитет, па или нова влада и после одреден период од 3, 4 месеци да почне да го спроведува. Законот требаше да биде спроведен некаде на 6 или 7 јануари 1999 година. Не се спроведе. Кој ја има кривицата за неспроведување? Ја имаат двете влади. Првата влада, бидејќи не ги донесе уредбите двете, кои беа од нејзина надлежност и министерот за финансии, кој не донесе одредени подзаконски прописи, а и по голема кривица е и на сегашната Влада, која во година дена не презеде ни да ги донесе уредбите, ниту да го спроведе законот. Имаат оправдување, бидејќи течеше постапка пред Уставниот суд. Точно е, а и за делот во основниот дел кој го содржи Законот, а тоа е враќање во натура, во физички обем она што постои на граѓаните можеше да се реализира. Со донесување на уредбите немаше никаков проблем. Затоа граѓаните отидоа на суд и судовите постапуваа различно, сега ќе се донесе, Владата, министерот истакна дека му требаше време. Можеби му требаше време, но знаете работите беа во голем дел исчистени за да може да се почне да се спроведува денационализацијата. Или тој рок, морам да кажам сега затоа што не е спроведен во овој дел, Владата сега предлага добри рокови. Она што го имаше изработено, што не го изврши во оваа година дена, иако пак ќе потенцирам дека тврдењето дека одлуката на Уставниот суд знаете задоволи одреден дел, тоа го поднесоа не сите корисници како што истакна претходникот, корисниците кои имаат станови. Во тој дел тие го оспоруваа и затоа тоа беше така како што одлучи Уставниот суд.

Што предлага овој закон ново? Јас во својот дел укажав. И сега кратко би го коментирал. Го предлага законот кој Владата како што истакна Котевски требаше да биде лек специјалис за враќање, тоа е враќање на црковните имоти. И јас лично, мислам дека и пратеничката се согласува потполно нема никаков проблем да се вратат онака како што се наведени и дури во одреден дел да се регулира начинот, бидејќи црквите и џамиите, односно исламските имаат големи имоти и да им се даде одреден надоместок. Ништо не е спорно. Имам одредена резерва во новините, кои што ги истакнав за градежното земјиште и новината во овој закон би го коментирал делот на становите. Тука нема никаква дилема, тука е чисто и јасно. Уставниот суд утврди дека становите на поранешните сопственици мораат да им се вратат. Нема изнимка во тој дел, не го признаваат Институтот станарско право, право на користење.

Имаат сопственост, има сопственици, а на сегашните корисници ќе се решава и добро е како што предложи Владата. На работните тела на Владата им укажувавме дека имаат одредени недостатоци, во членот за враќање на становите. Тие сметаат дека е доволно решението, но гледам сега дека ги прифатија сугестиите од работните тела и Владата поднесе амандман за враќање на

становите во рок од година дена Владата фактички зема обврска, тоа е добро решение, да му обезбеди стан според можностите, материјално финансиските на сегашните корисници, а тие во рок од година дена да ги вратат.

Бидејќи сакам да истакнам, спроведувањето на овој закон ќе оди многу лесно, бидејќи претходните фази се искористени. Министерот кажа во делот во рок од месец дена тој и Владата ќе ги донесат подзаконските акти. Дали се подготвени од претходната Влада или не, роковите за остварување на правото и на изјаснување сигурно им се скратуваат на органите кои ќе ги формира министерот. А кога ќе дојдам на делот на обврзниците, сигурно ќе укажам и на тој дел.

Исто така, го поддржувам и јас имотот на еврејските верски заедници, на евреите да се вратат со овој закон. Мислам тоа не е спорно.

Што се спорно во овој дел? Покрај укажувањата, бидејќи сите претходни дејствија се преземени, Владата, органите, сигурно службите за имотно - правни работи не треба да имаат големи припреми, бидејќи во основа барањата се поднесени. Имаме закон во кој сите граѓани на кои им беше одземен имотот се обратија во рокот предвиден со законот до службите за имотно правни работи и таму поднесоа барања. Службите не можеа да постапуваат, бидејќи немаа подзаконски акти. Тоа е решено. Министерот и Владата ги преземаат обврските во рок од месец дена да ги донесат актите, а во рок од 6 месеци, односно во одредените рокови да ги донесат решенијата по однос на денационализација.

Се прашувам сега јас, односно имам амандмани. Кои се причините во ваквите услови Владата предлага на оние сопственици на кои им е одземен имотот, на кои не може да им се врати во натура, физички нема да одберат државен имот или удели или акции во одредени фирми, ќе им се дава надоместок, почнувајќи од 2003 година. Стариот закон би сакал да истакнам дека нудеше првите рати на враќање на издавање и на доспеаност на обврзниците да бидат во јули 2000 година. Што значи сега сопствениците доколку Владата постапуваше првата рата ќе доспееше на 30 полугодишни рати, што значи на 15 години. Владата и во претходниот закон и сега тврди дека обврзниците ќе се употребуваат за плаќање на обврските од овој закон. Тоа е така и во Законот. Нема логика. Претходните сопственици ќе ги остварат правата, односно треба да имаат обврзници за да можат да платат имот кој државата ќе му го даде со зголемена вредност или ќе го повратат имотот на кој вредноста е зголемена или градежното земјиште е зголемено. Значи, треба да има обврзници. Тие тоа право не можат да го остварат, бидејќи тие ги немаат обврзниците.

Исто така, ќе се употребуваат обврзниците за купување на државен имот. Според Програмата на Владата и Парламентот многу малку ќе остане државен имот во 2004 и 2005 година, бидејќи интенцијата е се да се приватизира и акциите кои ги има Агенцијата за приватизација, сигурно за кои можат обврзниците да се употребат, што значи по 2004 ќе се без предметни обврзниците во однос на употребата.

Затоа, бидејќи постапката за денационализација како што вели и самиот закон во член 11 е итна, а бидејќи сме последна држава во Европа со нерешен проблем, треба да се извршат и овие измени. Сметам со овие укажувања и амандмани министерот да ги прифати, но оној основниот принцип дефакто да ги спроведеме и на граѓаните. Иако ќе кажам дека се смета министерот сигурно ќе коментира една негова изјава на едно мое укажување колкав ќе биде износот на оние обврски кои ќе треба да се платат со обврзници тоа го слушнав од средствата за јавно информирање, на нашето работно тело не истакна, по сугестија на претставникот на Здружението за денационализација, кое имаше исто такво мислење, а тоа мислење би сакал да го укажам.

Јас укажав, а и одредени претставници укажаа дека голем дел на поранешни сопственици кај кои не постои имотот се надеваат во основа на обврзници на надоместок. Инаку, иако е во законот давање во замена сличен, приближно удели, тоа многу малку ќе оди. Министерот тврдеше дека само 1% ќе се даваат во обврзници од целокупната вредност. Таа изјава ја даде, мислам по сугестија на претставникот, слушнав, не тврдам дека ја даде во работно тело, но беше во средствата за информирање. Ако е 1% во обврзници и ако министерот смета дека е тоа така, нема никаков проблем. Тој обврзниците може да ги издаде веднаш и по влегување во сила со роковите кои се со тајмингот на роковите по прибирање во рок од 6 месеци на барањата, веднаш и остварување на делот во година дена може да ги издаде. Ако е тој мал дел. Јас тврдам дека ќе биде поголем дел на обврзници. Затоа, врз основа на овие

укажувања имам издадено, имам потпишано заедно со одредени колеги и амандмани. По одредена расправа која би ја прифатил министерот.

Амандманот на член 2 кој е поднесен од колегата Борислав Трповски, се работи за одредено недоразбирање. Укажувавме, но не гледам дека има амандман. Тврдам и сум учесник дека со делбените биланси на општините се доделени имоти, имоти на поранешни сопственици, кои можат да се вратат во физички натурален облик. Незнам од кои причини Владата и министерот општинскиот имот е изземен од денационализација, од враќање на поранешните сопственици. Тоа е нивното објаснување. На работните тела го кажав. Но јас тврдам дека имотот кој е национализиран, а пренесен со делбените биланси сега со новите измени што ги направи оваа Влада, има имот кој може да се врати и да не му се дава надомест во парични износи, односно обврзници на поранешните сопственици. Има таков имот со лично уверување во делот на делбените биланси, а и одредени колеги од други општини укажуваа на тоа. Владата сигурно има подобри податоци свои сознанија, не навлегувам во делбениот биланс со општините, не сака да навлезе, но сигурно овој закон ќе се надградува, доградува, ќе се оспорува на Уставен суд. Знаете, секој закон е, но сметам дека врз основа на овие амандмани, Владата сигурно ќе образложи зошто не се прифатени. Би требало да го поддржиме пратениците.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, колеги пратеници, најнапред, во моето излагање би сакал да го истакнам главниот проблем во врска со овој закон.

За жал, проблем кој ние не можеме да го отстраниме, бидејќи е направен многу порано, а тоа е времето во кое требало тој да се донесе. Сега, би сакал да потенцирам, не мислам на 1998 година, мислам на она што колегата Гештаковски го говореше пред Законот за приватизација. Иако, навидум ќе изгледа дека се оддалечувам од темата, меѓутоа одредени моменти морам да истакнам, како би можел да помогнам во сето она што не очекува, посебно донесувањето на овој закон т.е. после неговата имплементација.

Генерално мораме да прифатиме дека донесувањето на овој закон доцни и по мое размислување ова е клучниот момент со кој е направена една голема грешка.

Сега, би сакал да кажам зошто овој клучен момент т.е. по мое видување и историски момент, кога Македонија за едно кратко време можела да се трансформира во современа пазарно ориентирана држава.

Прво, сите мораме да се согласиме дека според голем број на граѓани е направена голема неправда, со тоа што им е одземено се што имале како приватна сопственост, а се во име на големи идеали. Оваа состојба ја имаме од завршетокот на Втората светска војна, па се до распадот на СФРЈ. Значи, главната филозофија на социјализмот беше се да се релативизира, индивидуата крајно да се маргинализира, а главниот акцент да се стави на општеството. Филозофија, која се темелеше на таканаречена диктатура на пролетеријатот, што можеби на прв поглед изгледа примамливо, но која во суштина беше крајно неприродна, за да на крајот доживее целосен крах.

Втората работа, со свесното или можеби не свесното не донесување на овој закон, во моментите кога морало тој да се донесе, а тоа е пред да се донесе Законот за приватизација, почна да се отсликува во прв ред немањето на визија за правецот во кој ќе се движи Македонија.

Второ, можноста да се приграби што е можно повеќе од општествениот имот со кој располагаше Република Македонија. Значи, сега да поедноставиме. Би изгледало од прилика вака. Во основата на секоја добро организирана пазарна земја се наоѓа сопственоста, т.е. точното дефинирање и почитување на истата, а ова најмалку значи дефиниција општествена сопственост, што за жал во не мала мера е присутна во Република Македонија.

Сега да се вратиме пак на законот. Значи, доколку бил донесен пред Законот за приватизација, би имале многу поголем избор за обештетување и анулирање на неправдата нанесена од поодамна. Меѓутоа и намалување на колачот што тогаш, нормално требало да се дели.

Од тие причини на почетокот реков дека ова треба да биде клучниот момент за иднината на Република Македонија, бидејќи оној момент кога во државата ќе се знае се чие е и кој се грижи за него, ќе можеме да се надеваме на подобри времиња и влез во Европската заедница. Сега ако ги споиме не донесувањето на овој закон од една страна и лошиот Закон за приватизација, чие повеќе годишно практицирање, на виделина ја изнесе лошата визија и желбата за лично богатење на штета на државните интереси, ќе дојдеме до причините за лошата

економска ситуација, во која ние денес се наоѓаме.

За крај она што сега е најважно, а тоа секако не е донесувањето на овој закон, бидејќи не се сомневам дека тој ќе биде донесен, туку е неговата имплементација. Стравот е оправдан, бидејќи од една страна имаме многу намалени можности за враќање и обештетување, за што претходно говорев и обврските кои ги има Република Македонија. Секако, овде се старите девизни заштеди за кои ќе зборуваме во последната точка од дневниот ред, обврски спрема странски доверители, огромен број на стопанството и слично.

Затоа, апелирам до сите кои ја сакаат Македонија на било кој начин да помогнат што побргу да се имплементира овој закон, со што барем делумно ќе се исправи неправдата што некој свесно ја направил, а која оваа Влада сака да ја исправи. Секако, имајќи ја предвид состојбата во државата. Значи, имплементацијата на законот воопшто нема да биде едноставна, проблемите ќе бидат огромни, бидејќи тешко ќе можеме да ги исправиме штетите и грешките направени во изминатите педесетина години. Но, мора да се има разбирање дека ова е многу голем товар што го носи Македонија и дека тој мора што поскоро да се растовари, како би можеле сите да очекуваме подобри денови. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник.

Збор има г-динот пратеник Абдулаи Јонус.

**ЈОНУЗ АБДУЛАИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници, земајќи учество во денешнава расправа, би сакал да напоменам неколку зборови за значењето на овој Предлог на закон.

Впрочем, на измените и дополнувањата на Законот за денационализација. Во тој контекст би сакал да кажам, не навлегувајќи во правниот аспект, туку само во оној политичкиот дел, каде што долго се очекуваше од граѓаните во Република Македонија, донесувањето на овој закон и воедно примената, па и имплементацијата на законот во државата.

Од тој аспект, поздравувајќи го овој предлог, оваа иницијатива за донесување на Законот за денационализација, сметам дека е еден чин морален према граѓаните на Република Македонија, бидејќи се исправува една неправда, која е направена од 1944 година, па наваму. Конкретно, имаме и национализација, овдека не беше спомнато, па да ве потсетам и во 70-тите години со препорака на познатото писмо на покојниот претседател Јосип Броз Тито, каде што апсурдот да биде поголем, национализирани се деловни простории од над 100 квадрати, кои не се во користење на сопственикот. Така што, тогашната држава имаше голема грижа за имотот на граѓаните и да не им остане не искористен деловниот простор, па им се одземаше, а имам морална обврска према лично покојниот мој дедо, кој дупло трчаше по тогашните судови да го врати својот со зној спечален имот. Но, за жал, умре и тој како и покојниот Тито, заедно, не враќајќи го имотот, но оставајќи наследници, кои за жал јас не сум од тие, но има други, кои ќе го бараат и на кои им следува.

Но, да не се враќам односно да не го повторам она што моите ценети колеги го рекоа. Неправдата се чини, но и таа има свој крај. Сметам дека овдека во овој состав на Парламентот ќе имаме концензус во донесувањето на овој закон, бидејќи рековме дека бившата поранешна Влада донесе конечно таков предлог, а и поранешниот состав на Парламентот во 1998 година донесе Закон за денационализација, но без своја примена, бидејќи беа оспорени членови одредени на тој закон и впрочем сега ова е таа повторна корекција, која што сметам дека и во работните тела на Собранието, во Комисијата за економска политика и развој доста се расправаше, каде што го имавме и присуството на министерот со својата работна група и амандмански интервенираме во текстот на законот и не би сакал конкретно да се задржам. Но, на крајот само уште нешто да напоменам дека имплементацијата и на овој закон ќе биде мошне сложена, бидејќи мораме да признаеме и како сегашно коалициско мнозинство дека апаратот во државата ни е, по се изгледа стар. Формирањето на разните комисии, а и регионални, ќе треба со голема внимателност да се формираат, бидејќи нивната работа во голема мера ќе зависи од сите тие граѓани кои ќе се обратат до нив и каде што ќе бараат и ќе очекуваат примената на законот да биде беспрекорна. Но, да не биде формирањето на нашите комисии од оваа сегашна Влада и од Министерството за финансии, по конкретно од имотно - правните сектори, да не бидат како анкетите, кои беа од минатата Влада со една единствена цел дека луѓето ќе се

надеваат дека нешто се работи, а всушност тоа само пролонгирање на имплементацијата и ништо повеќе.

На крајот, бидејќи министерот рече дека законот т.е. Предлогот на дополнуваше на Законот за денационализација дека не е идеален. Но јас сметам дека нема идеален закон, тоа е многу нормално, но ние сме тука да го донесеме овој закон, па ако има потреба од тешкотиите од примената на самиот закон, да интервенираме со повторни дополнувања, само со една единствена цел на граѓаните да им го вратиме имотот, да им ја вратиме таа гордост и чест што ја имаат кон својот сопствен имот, кој се знае на каков макотрпен начин е стечен. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Јонуз Абдулаи за учество во расправата.

Пријавен пратеник имаме уште само еден, а тоа е г-динот Хисни Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници и господата од Владата.

Се работи за доста сложен закон, по мое мислење и токму од овие причини мислам дека и донесувањето на првата верзија на овој закон од 1998 година досега ништо не покажа во практиката и се што беше ветено според законската регулатива од 1998 година, не е направено ништо.

Мислам дека овој закон како решение сметам дека во споредба со донесениот Закон од 1998 година претставува чекор напред и токму тука се гледа дека и од страната на оштетените семејства во Република Македонија нема толку реакции, бидејќи јас добро се сеќавам кога ние го донесовме Законот во 1998 година, имаше доста реакции. Бидејќи, според некои параметри и согледувања од страна на граѓаните на оваа држава, веќе дури тогаш беше кажано дека донесениот Закон во 1998 година, не е адекватно решение за сите граѓани, кои во времето од 1994 година, наваму им е нанесена една голема неправда, не може да ги расчисти сите проблеми.

Меѓутоа, мене ми е сосема јасно дека ние сме принудени да донесеме еден закон, со кој ќе се согласат многу меѓународни фактори, бидејќи сметам дека донесувањето на еден таков закон, исто така е надлежност на ова Собрание.

Меѓутоа, уште еднаш потенцирам, јас сум скептик и не очекувам дека и овој закон ќе го направи тоа што е интерес на семејствата, кои се оштетени после II-та светска војна.

Кога ние гледаме на овој проблем од историски аспект, бараме законско решение кое ќе создава услови ние да бидеме како власт поефикасни, поготово Владата на РМ како извршна власт, која исто така ќе биде повеќе ангажирана после донесувањето на овој закон. И, преку разно разни комисии, според законот, очекувам да го расчисти овој проблем.

Јас знам една работа, што мислам дека е вистина во моментот само администрацијата на државата ќе кошта многу, многу со оглед на фактот дека се работи за еден застарен проблем, проблем кој од историскиот аспект и во времето кога се направени овие големи неправди, ние имаме сознанија дека многу семејства немаат ни документација, ни ништо и како ќе се води таа постапка, па затоа јас реков дека и администрацијата државата, ќе ја кошта околу имплементацијата и спроведувањето на овој закон многу, многу високо.

Затоа, јас сум скептик, поради економските состојби и проблемите што ги имаме во стопанството. Што ќе биде сега со ова законско решение? Бидејќи, голем број од пратениците бараат поквалитетен закон, затоа ние треба многу да внимаваме. Исто така и Владата, покрај ова Министерство за финансии, кое е одговорно да го спроведе овој закон, сметам дека ние во конкретниов случај треба да бидеме објективни и да им се каже на сите граѓани дека законот го донесуваме, меѓутоа, времето и моментот кога ќе биде спроведен или да кажеме имплементиран, јас тука ќе кажам дека во однос на поставувањето на поставеното прашање, треба да бидеме малку посериозни.

Затоа, јас токму од овие причини ќе гласам за овој закон, меѓутоа како пратеник, како претставник на граѓаните на оваа држава, ќе кажам многу јасно дека овој закон многу тешко докрај да ги расчисти овие проблеми, кои од историски аспект ако ги гледаме овие прашања и сите овие проблеми што се внесени во овој закон, тешко било кој или било која правна служба, било кое министерство или да кажам една многу јака екипа стручњаци да се ангажираат, ова прашање не треба да очекуваме толку многу резултати. Овој проблем може да се расчисти, бидејќи датира пред 50-ет години и кусур. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Хисни Шакири за учество во расправата.

Изгледа, овој закон инспирира постојано многу пратеници, без разлика на времето, да учествуваат во расправата, се јавија господата Јордан Бошков, Сејфедин Харуни, има уште доста пратеници, значи ќе си останеме додека не заврши општата расправа.

Нема да ја прекинам седницата па макар била и до полноќ.

Еднаш веќе мораме да бидеме ефикасни.

Според тоа, збор има г-динот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас ви благодарам, господине претседателе.

Темата е навистина уникатна, единствена. Сакам да ја поздравам иницијативата од Владата на некој начин и се надевам, дефинитивно, да се расчисти со ова прашање на национализираниот имот. Тоа што го гледавме десетина години во нашава држава, мене ми личи на танц или на оро каде што чекорите се помешани. Во Уставот рековме дека ќе владее правото.

А, што имаме или што добивме во овие десетина години?

Според мојата претстава, најнапред беше нужно да се врати имотот на поранешните сопственици и на тој начин една сторена неправда, на некој начин да биде ублажена или отстранета.

Понатаму, мораше да се воспостави пазар на капитал и ден денес тоа не гледаме дека постои. Исто така имаме задача да се трансформира општествениот капитал, што оди доста тешко. Да се продадат општествените станови. Тука бевме најбрзи во нашево општество. Тоа добро, тој имот иако станува збор за станови што настанале врз парцели на поранешни сопственици, на најбрз начин, за багателни цени се продаваа.

Просторниот план, што да потсетам патем, е уставна категорија, министерот за градежништво и урбанизам го понуди во Собранието, а ние успеавме да го вратиме. И понатаму, во нашата земја нема просторен план. Од таму може многу тешко да се зборува за градежно земјиште.

Два услови се битни за да може човек со готови пари да направи инвестиција. Тоа е да функционира банкарскиот систем, што не го гледаме, исто така да може да се купи парцелата. Со одложувањето на Просторниот план, ние направивме огромен чекор назад. Мислам дека тоа се должи на пратениците што не завршивме со овој дел од работата.

Повторно ќе станеше актуелна темата на национализираниот имот, бидејќи моето семејство е засегнато со национализиран имот. Јас сум, според овој законски проект, се откажувам од тоа да внесувам било какви амандмани, исто така и не вршев ургенции во Министерството, во Владата, како да биде тој закон срочен.

Но, ме иритираат некои ситуации, ме иритира и тоа што после 40 - 50 години неправда, не е битно дали има идеолошки предзнак, неправди се вршени и во општества каде не дошло до воспоставување на идеологизирана власт. Гледам еве и после толку години, никако да се замисли што со нанесената штета. Примери има многу. Ќе спомнам само два - три.

Една старица, бог да ја прости, пред неколку недели почина некаде на 87 години, таа за нејзините или неговото семејство за 450 ха национализиран имот добиваше месечно една бедна пензија од три илјади денари. Правда нема никаде. Нејзината ќерка останува невработена и натаму не може да се издржува.

Потоа имаме ситуација, на пример во населбата "Црниче", еден од нашите пејачи, Ацо Симоновски е тука опфатен, околу 2 ха место се национализираат во 1980 година со цел да се изгради училиште. Гледаме, тоа место која вредност ја доби во 90-те години. За правда, за праведност не може да стане збор.

Или, ако помислам на локацијата каде што се сега стопанските објекти на "Раде Кончар". Знаете, фирмата е формирана 1948 година. Но, парцелите се заокружувани до 1980 година. Семејствата, пред се Димушкови не можат ниту да помислат на тоа нешто да добијат назад од тие атрактивни локации. Други луѓе станаа сега господари.

Оттука, мислам дека правдата не ќе може да се задоволи и со ова денационализирање, но сосема упатно ќе биде ако ние, како Парламент, имаме кураж тоа да го истакнеме, дека на луѓето им должиме извинуваше за нанесените штети. Да не спомнувам за семејството Томеви во Кочани и кочанско и ред други семејства во Свети Николе или било каде ширум Македонија.

Со овие неправди, со законот, според мое гледање тешко дека ќе може тие да се поправат.

Ние ќе се обидеме на тие луѓе или на наследниците, сепак на некаков начин да им се оддолжиме, барем со убав збор. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Јордан Бошков.

Сакам да ве известам дека од 19,30 часот нема да одиме на прва програма, па можеби нема да бидеме ни на телевизија, па внимавајте на дискутирањето. Воглавном, се е кажано.

Има збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Се откажувам во интерес на времето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот пратеник Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас немам намера да зборувам поради тоа што оваа наша седница се емитува, меѓутоа чисто поради тоа што сакам да дадам свој придонес во врска со новиот Закон за денационализација.

Имавме можност и во работните тела на Собранието да го дадеме своето мислење, меѓутоа ќе ја искористам и оваа можност, со неколку реченици да го изнесам она што мислам дека вреди да се каже во Собраниево.

Прво, гледам дека овој закон, како од оваа така и од поранешната Влада сака да направи еден чекор напред кон демократските движења во Република Македонија и мислам дека и поранешната Влада, а и денешнава се труделе на некој начин да ги обештетат нашите граѓани на кои бесправно им е земен имотот и се согласувам со сите оние пратеници кои кажаа дека треба да исправиме една неправда што е нанесена на нашите граѓани, односно на граѓаните на Република Македонија.

Според моите сознанија, Законот за национализација влегол во сила 1958 година. Се согласувам со сите дека ние, како Собрание треба јавно да се изјасниме и ако е потребно, да се извиниме на сите обештетени граѓани за она што им го нанел тогашниот систем.

Меѓутоа, да продолжам, ние и дел од пратениците од ПДП мислам дека сме поднеле амандман, бидејќи и со овој закон мислиме дека нема да ги решаваме сите проблеми на тие граѓани. Самиот нов текст мислам дека во својата операционализација има свои недоразбирања и последици. Се плашам дека Уставниот суд на Република Македонија ќе поништи некои од неговите членови.

Поради тоа што мислам дека се обесправени граѓаните, јас нема да ги издвојувам по национална основа, кои без нивна желба им е одземен имотот и можам да кажам дел од нив се насилно преселени во трети земји. Фактички, нивниот имот останал така со, на некој начин, се јавиле или го користеле други граѓани бесправно, а сега со новиот текст на Законот, мислам дека правиме уште една грешка.

Законот е дециден и мислам дека гарантира враќање на имот на сите оние кои се државјани на Република Македонија. Но, заборавaме дека оваа национализација, односно во овие моменти кога донесуваме Закон за денационализација, таквите граѓани, мислам дека им се нанесува штета.

Има многу граѓани од општина Кичево и новоформираните општини кои имаат незадоволство не само со овој закон, туку им е одземен имот педесетите години, од 1944 па до 1958 година кога е на сила Законот за национализација. Меѓутоа, во годините од 1984, па и порано, мислам дека тие деловни простории ги купувале луѓе бесправно и мислам дека Министерството за правда, односно судовите во Република Македонија ќе имаат најмногу проблеми за да се докаже кој е правниот газда на тие објекти.

Да не одолговлекувам, не би се согласил со некои пратеници од позицијата кои се чувствуваат како големи патриоти, дека оваа Влада нуди проекти што ќе ги задоволат граѓаните. Исто така, не би се согласил со оние дискутанти кои поздравуваат дека на Православната црква ќе се врати имотот. Јас мислам дека ние сите, како законодавен дом не треба да ги минимизираме ниту другите верски заедници, бидејќи Законот се донесува токму за враќање на имотите на Православната црква, на муслиманската вера и на сите други вери што, на некој начин, оштетени од тогашната власт.

Скептик сум дека овој закон во праксата, односно во неговата операционализација нема да биде така сјајно, каков оптимиста е министерот и владината коалиција. Оти, ние сме имале искуство и порано дека законите ги

донесуваме, меѓутоа во пракса тие можат да не бидат децидни, односно прецизни.

А, кога го кажувам ова, го потврдувам со тоа дека овој закон треба да решава проблеми натрупани од два системи, од монистичкиот кој ги нанесе, а ние како демократска држава, односно како Република Македонија треба да направиме чекор кон тоа луѓето да го добијат својот имот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Оломан Сулејмани за учество во расправата.

Збор има господинот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, кога веќе земав збор да расправам по овој закон, уште на почетокот би кажал дека е добро да не се занимаваме многу кој кому треба да се извини, затоа што ако веќе се знае дека требало да се расправа за ваков закон во Собранието, на сите нас, нашите татковци и дедовци ни кажуваа трагични стории од минатото и по тие емоции тогаш ние, верувам како пратеници ќе мораме да бидеме малку повоздржани да придонесеме законот и понатаму да биде подобар отколку што е.

Зошто го велам ова? Затоа што ваков закон можевме да донесеме уште првите години, од 1990 година, од кога имаме промени во системот. Но, веројатно ние и тогаш и сега мислиме дека многу тешко е да се практицира законот. Односно, да се реализира како таков.

Меѓутоа, едно е точно дека требаше да се донесе во фази еден ваков Закон за денационализација. Да кажеме во делот што значеше некогаш враќање на обработливото земјиште, можеше уште на почетокот на независноста на Македонија да се почне и да се врати дел од земјиштето што е обработливо. Односно, имоти што се како недвижни имоти, како ние ги нарекуваме.

Едно е точно, дека со измените и дополнувањата во законот сега веќе имаме нов квалитет во законот, а тоа значи и во обем се дава можност за враќање на имоти и во начинот на враќањето. Секако и процедурата на враќањето, а посебно ме радува тоа што во овие измени, односно во овие дополнувања се враќа и имотот на верските заедници, што исто така мислам дека требаше уште 1998 година, ние како пратеничка група, уште тогаш и јас самиот се ангажирав да бидат опфатени во тоа што значи Закон за денационализација, односно враќање на сопственоста.

Меѓутоа, постојат некои проблеми што, веројатно законот и не може или можеле или со амандмани ќе се интервенира за да се подобри, дури и со овие измени и дополнувања и со амандманска расправа. Затоа што имаме една групација на граѓани кои не можат да го остваруваат тоа право. Имаме рестриктивен закон, да речеме, за државјанство. Сеуште имаме граѓани кои не го оствариле правото на државјанство, затоа што законот е рестриктивен и ден денес во тие процедури останале многу граѓани кои не можат и не можат после да го остварат тоа право на враќање на имот, само затоа што подлегнуваат, односно подлегнуваат на еден закон што е како Закон за државјанство и не можат да си го остварат тоа свое право.

Исто така, имаме и некои специфични ситуации. Да речеме, имаме откупено, односно условно кажано, купено земјиште со принуда. Само да се потсетиме, да илустрирам пример. Сите во Карпош III, IV, Нерези и оној дел, таму веќе со експропријација е земено земјиште и има еден пример што ќе го илустрирам со една џамија од десната страна на улицата "Партизанска", во Нерези.

Рушена, земјиштето никогаш не е дадено за таа намена во Нерези, затоа што никогаш немало чувство за да се интервенира на начин за да им се удоволи односно да им биде сатисфакција на тие граѓани пак да ги остваруваат тие права.

Но, како и да е, мислам дека со интервенциите што би биле направени со амандманите и со овие измени и дополнувања да веруваме дека и ефикасноста во партиципирањето на самиот закон, ќе биде една голема сатисфакција и голема завршена работа и со еден ваков Закон за денационализација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Исмет Рамадани.

Збор има господинот пратеник Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, почитувани членови на Владата, советници.

Расправаме по Предлогот на законот за измени и дополнувања на Законот за денационализација, закон со кој што се прават навистина, неколку години, тргнувајќи од првата верзија, која што произлезе уште за време на минатата Влада да се обештетат во максимална можна мера поранешните сопственици на имотите, кои

што беа одземени со редица на редица присилни закони. И претходно, затоа што потекнувам од семејство кое што на сличен начин, како што беше кажано овде, беше погодено со редицата присилни закони, ни беше сосема јасно дека неправдите што се направени со такви присилни закони, не можат никогаш во целост да се исправат, ниту може да се постигнат или создадат услови за целосно обештетување.

Со присилните прописи, со кое што е повредено едно од основните права човекови, правото на сопственост со присилните прописи, со кои што не се почитуваа природните текови во економијата, кои што владееле со векови и децении, едноставно се нанесени штети кои што се повеќе слојни и кои што не можат практично, со ниеден, макар и нај идеалниот закон, кој што би го смислиле и би го усвоило ова Собрание, да се исправат.

Кога би имале можност да создадеме такви законски решенија и кога државата би имала можност да ги обезбеди условите, ама баш се што е земено да се врати и во тие услови ние не можеме да постигнеме целосно обештетување, имајќи во предвид дека се претрпеа огромни трауми, дека се претрпеа огромни повреди, достоинството на повеќе семејства, достоинството на повеќе луѓе.

Ваквата ситуација, тоа што е правено досега и со изворниот закон донесен 1998 година и со активностите што течеа во периодот до денес и со овој Предлог на закон, е да создадеме услови да се направи што е можно по праведно обештетување на поранешните сопственици и да се постигне една морална сатисфакција на луѓето, кои што беа погодени во текот на изминатиот период.

Мислам дека сите учесници во денешната расправа придонесоа максимално со своите конструктивни предлози да имаме што подобар закон. Законот што беше донесе 1998 година да стане што по оперативен, што по реален. Мислам дека целата расправа беше навистина примерна на тежината на законот и на односите што ние како пратеници ги имаме во текот на нивното донесување.

Од тука, сосема е јасно дека нема никаква дилема дека се поддржуваат сите предлози за измени и дополнувања на Законот, кој што одат кон тоа законот да стане оперативен, законот да ја изврши основната функција, да се дојде до што поголемо обештетување, се разбира со некои дилеми кои беа отворени и кои што се надевам дека ќе ги разрешиме по пат на амандмани, кои веќе се предадени од повеќе пратеници.

Меѓутоа, во своето воведно излагање, со оглед на тоа што очекувам дека министерот ќе има завршен збор, министерот искажа една мисла, која што ми прозвучи во моментот дека е пресилна, затоа што рече дека со законот се опфатени ама баш сите имоти кои се одземени со присилните закони. Со оглед на тоа што очекувам после оваа расправа да даде можеби и завршен збор и тоа ќе зависи како ќе одговорам на една основна обврска, која што ни беше поставена и заради која излегов на говорницата.

Имено, претставници на 330 семејства од с. Владимирово, можеби проблемот што го отворам во ова време навидум изгледа локален, меѓутоа со оглед на тоа што мислам дека такви состојби имало во повеќе населени места во Република Македонија, мислам дека не е локален и дека е токму пример кој покажува дека навистина со законот не се понудени решенија за сите имоти кои се одземени со овие присилни закони.

Имено, се работи за таканаречените селски имоти. Замолен сум во името на тие 330 претставници да го изнесам само нивниот пример, заради тоа што не е дадено решение и да побарам објаснување од предлагачот на законот и да го искористам присуството на професорот Георгиевски, ако може во текот на општиот дел од расправата да добиеме одговор, дали ова прашање можеме да го решиме со законот по пат на амандмани и од тоа да зависи дали ќе ги поднесеме тие амандмани или не.

Се работи за следното. Го имам барањето потпишано од тие 330 претставници. Знаете дека при крајот на XVIII-от век на територијата на која што е создадена оваа држава и на сите други простори на етничка Македонија, создава потребата да се изградат школи, да се изградат цркви. Првенците, граѓаните на сите населени места, на селски и на градски, посебно во селските места, барале начин како да обезбедат средства, така да граѓаните на Владимирово во тоа време се сетиле да откупат од Турците шума, прогласена како селска шума, со која што управувал Одбор кој бил избиран на секои 4 години. Шумата е купена при крајот на XVIII-от век, со него управувале 10-тина управни одбори, стопанисувале многу ефикасно и од средствата што се обезбедувале од таа шума е изградена и црква и школа и т.н. Кога се јавуваат таканаречени диви спасхии во Македонија,

во средината на XIX-от век, шумата им е одземена. Делегација на првенци поднесува давија до портата. На давијата не се одговара, делегацијата бара прием кај султанот Абдул Азис и навистина била примена во 1873 година и со негова наредба им е потврдена тапијата и шумата вратена.

Во 1919 година кога се воспоставува власта на Кралството Југославија на овие простори, шумата повторно им е одземена. Ја тужат Владата и го добиваат спорот и шумата им е вратена во 1921 година. Зборувам за туѓи влади на овие простори.

Во 1941 година повторно е воспоставена власт на Бугарија во Република Македонија, одземена им е шумата, повторно ја тужат владата, повторно го добиваат делото од туѓа власт во Република Македонија, селската шума е вратена

Кога доживува да се создаде сопствена држава во 1944 година селската шума е подржавена и одземена. Граѓаните поставуваат прашање. Дали сега во самостојна и независна Македонија, после три пати добиени судски процеси со туѓи влади може да ни се случи селската шума од која што се изградени и три водовода во XIX-от век, од тоа што се изградени патишта, мостови и т.н., да не биде вратена.

Ние проблемот го знаеме и дека има правна тежина, затоа што и со Уставот и со законските решенија, со другите законски прописи, ниту со основниот закон, ниту со овие измени може право на сопственост да има колективитет како што се селани, 300 граѓани и т.н. Меѓутоа, граѓаните го поставуваат следното прашање:

"Кој во оваа ситуација може да биде барател по Законот за денационализација" и во рок од месец дена колку што е пропишано со законот да биде повторно прогласен за сопственик, во името на наследниците на сопствениците на кои што во 1944 година им е одземена селската шума.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Благој Ханџиски за учество во расправата.

Господинот Сејфедин Харуни се откажа од барањето за учество во расправата.

За збор се јави госпоѓата Наталија Марковиќ - Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ - ДИМОВА:**

Господине претседателе, господа пратеници, претставници на Влада.

Во името на пратеничката група на ДА упатуваме поздрав за изготвувањето на еден ваков законски проект, особено потоа што се почитуваше одлуката на Уставниот суд и сите забелешки по членовите во претходниот закон се инкорпорирани како измени во предлогот, како изменување и дополнување на овој закон.

Но, заради подобра имплементација на законот и гаранција на граѓаните заради нивното обештетување, низ етерот провејуваат неколку прашања кои граѓаните ги интересираат, јас ќе ги кажам и ќе дадам кратко образложение после контактот со ресорниот министер.

Имено, колкав е долгот на државата кон поранешните сопственици, односно проценката на оптоварување во обврските на државата и дали тоа воопшто со претходниот закон беше испланирано и беше регулирано.

Концептот за обештетување на граѓаните, дискреционото оценување кому акции, кому удели, кому обврзници, дали и на кој начин ќе се проценува вредноста на имотот што државата ќе го нуди во размена и критериумите по тој основ. Можеби не се разработени можните извори за обештетување на сопствениците, треба да се и како тоа би го изрегулирале.

Јас имам сознание дека 1995, 1996 и 1997 година се правени сондажи од финансиски аспект на обврски и претпоставувам дека за таквото нешто има показатели.

Во интерес на овие прашања министерот изрази волја за консултација со тимот и исто така кажа дека тимот размислувал за решавање на прашањата, кои што ги оптоваруваат граѓаните заинтересирани за донесување на овој закон и дека таквите интереси ќе бидат позитивно решени и одговорени од страна на Министерството и регулирани исто така.

Значи, уште еднаш, во името на пратеничката група на ДА, поддршка за законот и пратеничката група ќе гласа за законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на госпоѓата Наталија Димова - Марковиќ во врска со поддршката на законот од името на пратеничката група на ДА.

Господинот Ризван Сулејмани се јави за збор.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници.

Краток ќе бидам затоа што навистина чувствувам потреба овде јавно да кажам, да признам дека сум бил многу кратковид кога некои мои предци упорно ми укажуваа на тоа дека правдата ќе победи, ќе дојде ден кога ќе бидат обештетени, упорно ја чуваат документацијата кога јас добро набиен со една идеологија никогаш не верував во тоа, но еве доаѓа денот кога дефинитивно таа нивна визија се оствари. Иако ќе мора да признам дека овие измени и дополнувања на законот, прават напори да го поправат текстот од 1998 година, но она што сакам овде јавно да го кажам и да барам објаснување од министерот и од професорот, со оглед дека на некој начин го поставив како прашање во Комисијата за економска политика и развој, мислам дека требаше да има повеќе слух и една категорија граѓани да бидат опфатени како специфична категорија.

Иако новиот закон прави напори во таа смисла, со тоа што имотот порано даден како подарок на државата, која беше предвидена со судска постапка, да биде докажана дека тој подарок не е навистина подарок, туку е тоа под присила, но мислам сите ние знаеме, историски факт е дека една категорија Албанци и Турци под притисок на еден таен договор на тогашна Југославија, беа принудени да ја напуштат Република Југославија и да заминат за Турција и нивниот имот тогаш тие наводно и го подарија на државата. Но, сосема е јасно дека никој, барем во светот не е познато и многу малку се тие кои што со сурли и тапани, како што рече некој овде својот имот ќе го предаде, па затоа барав предлагачот на законот оваа категорија на граѓани со посебен третман да ги ставеше, со оглед дека многу од нив, јас имам конкретен пример, уште при донесувањето на Законот во 1998 година кога се вратија бивши жители, граѓани и државјани на Република Југославија - Република Македонија, кои денеска живеат во Турција и добро се ситуирани, добри бизнисмени се, добро би било да им се укаже можност тие да можат да го вратат нивниот имот, со оглед дека тоа би било добра мамка тие да дојдат и да инвестираат во Република Македонија, но како критериум, категорија, државјани на Република Македонија, тие тоа нивно право не ќе можат да го искористат.

Мислам дека требаше да се мисли за овој проблем и со овој закон требаше да се предвиди и да се обештетат и таа категорија на граѓани.

Друга работа, во Комисијата беше објаснето дека вредноста на земјиштето ќе биде вратено на ниво, односно вредноста на земјиштето под кое било одземено. Беше кажано ако вредноста на земјиштето било земјоделско земјиште, во меѓувреме тоа земјиште се пренаменило во градежно земјиште, сопственикот кој треба да го врати тоа земјиште, треба да даде дополнителни средства за тоа земјиште, заради тоа што цената како градежно земјиште е повисока од цената со која што било одземено, да обезбеди одредени средства, што практично ќе дојде до тешка реализација, а професорот објасни ако влезе во тоа, тоа ќе биде "ѓаволски круг".

Јас мислам дека со еден подобар слух на тешкотиите што тие луѓе ги преживеале, не само затоа што им бил одземен дел од имотот, но поради тоа што долго време беа под диктатура на пролетеријатот како поколеници на боргезијата, мислам редно беше да се направат напори на таа категорија луѓе, да им се врати земјиштето во постојната состојба.

Исто така, претседателот должи едно објаснување, затоа што стои категорија "природни реткости", која за мене е опширна и апстрактна. Што се подразбира под природни реткости. Иако во меѓувреме, искрено да ви кажам го побарав Законот за шуми и за национални паркови, оваа категорија не можев да ја најдам па би сакал, ако може министерот во завршниот збор да објасни што подразбира категорија "природни реткости".

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ризван Сулејмани.

Процедурално пратеникот Амди Бајрам бара збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

Јас во интерес на времето се откажав од дискусија, знаете зошто, историјатот на Ромите го знаете во светот каков е. На Балканот сме први дојдени со Александар Македонски, затоа што сите знаете дека сме први дојдени со Александар Македонски, затоа што ковачи биле само Ромите ................................

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Амди, немојте сега да внесуваме дополнителна нервоза во сето ова.

Ве молам да прекинеме, да ја завршиме општата расправа.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас мислам дека нема потреба да ме прекинувате, затоа што само малку нешто сакам да кажам.

Ве молам бидете малку парламентарни, парламентарци сте сите, па бидете парламентарни.

Ние Ромите не бараме ништо. Немаме ништо и со тоа сакам да ви кажам Македонија е наша држава, нема ништо земено, кој кај се нашол таму застанал, која куќичка ја има, таа.

Нешто кратко би дополнил, ја знаете Топаана, постара од Топаана ни Скопје не е. Дали го знаете тоа? Чаир, Топана, таму беше Скопје порано. Сакам едно да ви кажам видовте дека ништо не барам, ни еден Ром каде живеат 2.500 семејства и др. националности први се седелци во градот, па не бараме, до ден денеска немаат никаква документација и утре ако пратат булдожери да се рушат тие куќи во Топаана не барам од министерот ништо, сигурен сум дека РМ ќе ги заштити своите граѓани и нормално тоа е национализирано место, тоа е на државата и нема да го врати на некој, доколку некој се јави со тапија токму околу разговорот со тие тапии што некој наводно едно време доброволно си отидоа за Турција и на друго место, ако во РМ би дале на тие доброволно што си отидоа да дојдат тука да си ги побараат тие места, токму се тие Чаир и Топаана и др. места, не се согласувам тоа да им се врати, може ако се големи бизнисмени па да инвестираат во РМ. Како би било сега Грција, ние бараме од Грција, но зошто таа не не признава, туку бара визи, бара токму околу имотот што го имаат егејците од РМ.

Јас сум со став да изгласаме како што треба, но не се согласувам за некои кои се надвор од земјата доброволно отидени, доколку некој сака да го бара земјиштето за да се заштити тој граѓанин што живее тука.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Бајрам, за збор се јавува повторно г-динот Јордан Бошков.

Инаку да ви кажам, дека сме на крај со силите.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Г-дине претседател, најпрвин моето излагање беше едвај пет минути, јас се обидувам да бидам што е можно пократок.

На последните два дискутанти имам по една забелешка.

Поимот Егејци не умесно се користи тука и од тоа се оградувам барем јас.

Второ, муслиманската популација која се пресели во сегашна Република Турција, меѓу нејзе имаше и Македонци и тоа треба исто така да биде уважено. Благодарам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Процедурално односно реплика.

Јас се извинувам што спомнав Егејци, тие се сега државјани на РМ, но токму се дојдени од Егејска Македонија. Јас мислев дека не навредив никого. Турци нормално се водат како Турци и отишле за Турција. Не навредувам никого, а ако сум навредил се извинува на целиот Парламент и на цела Македонска јавност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сега веќе мораме да ја завршиме расправата, но нема крај.

Има збор г-динот Љутвиу.

**БИЉАЛ ЉУТВИУ:**

Г-дине претседателе сакав само една реченица да им кажувам на г-дата последниот и претпоследниот, народски речено да не ги ставаме таму каде не им е местото, оти не ги знаат некои работи конкретно во врска со иселеништвото на граѓаните од РМ.

Од 1946 па до 1956 год, тој не ги знае тие работи, нема знаење, а не сака и да знае иако имам уште многу да кажам во овој правец, но бидејќи не заслужува би престанал со ова што го реков. Ви благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам, но се јавува г-динот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас мислам дека беше коректно кажано на кого се однесува по однос на иселеништвото од Македонија, сакам да признам јавно дека навистина работите не ги знам доволно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, кој на кого реплицира?

Повторно се јавува Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Ви благодарам г-дине претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Многу долга беше расправата околу Предлогот за донесување на овој закон за измени и дополнувања на Законот за денационализација и гледам дека воопшто ние сме тука глобално да ги гледаме работите и да најдеме начин да го поддржиме законот и таму каде имаме забелешки и сугестии да ги дадеме, за да можат да ги имаат предвид претставниците на Владата, односно пратениците во Собранието.

Јас мислам дека секој од свој агол ги гледа работите. Тука се зборуваше за се и сешто и јас мислам дека за мене, го поздравувам донесувањето на овој закон, кој доаѓа во форма измена и дополнување на постојниот Закон за денационализација, меѓутоа на неколку наврати колку го прочитав законот видов дека некои решенија во законот не се децидни и јас би барал конкретни одговори од страна на претставниците на Владата.

Во постојниот закон во членот 1 што се однесува за враќање односно надомест на физички лица на имотот, треба да биде државјанин на РМ.

Второ, во измените и дополнувањата се менува членот 1 и гласи, како што гласи во измените и дополнувањата на Законот, па вели "со овој Закон се определуваат условите и постапката за враќање на имотот, условите и постапката за давање надомест за имотот во корист на државата".

Тука би побарал конкретен одговор од страна на претставниците на Владата дали треба да биде државјанин на РМ и во кои законски рамки. Во измените и дополнувањата не гледам таква работа.

Второ, имам моја забелешка што се однесува до Предлогот за измени и дополнувања на законот на членот 63-а што е предмет на денационализација на имотите на Евреите од Македонија на кои им се враќа или надоместува тој одземен имот, меѓутоа, тука би нагласил дека се ставаат во не рамноправна положба сите други граѓани на РМ, кои беа протерани од Македонија. Тие протерани што ги викаме иселеници тоа не се само турски државјани, тука има Албанци и други народи и народности во тоа време кои живееја во Македонија. Тие луѓе како што беа Евреите депортирани од страна на фашистичкиот окупатор и тие луѓе било Албанци, Турци и др., кои отидоа во иселениште во други земји и тие беа депортирани од тогашната власт, од тогашната Ранковиќева власт, ако добро паметиме, ако добро учиме историја и тие имале иста судбина како што имаа Евреите во време на фашистичката окупација.

Затоа мислам дека Министерството и овој Парламент во оваа насока треба да има предвид дека и тие луѓе беа депортирани на ист таков начин.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Абдулади Вејсели.

Дополнително се јави г-динот потпретседател Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа ми чини посебно задоволство што денеска сите што сме присутни овде имаме заеднички став и мотив, дека овој закон е нужно потребен за државата која ја претставуваме овде како законодавно тело и дека законот има реформско значење.

Многу се зборуваше околу тоа дали е нов или е стар законот, меѓутоа од името на законот се виде дека се работи за измени и дополнувања на Законот за денационализација.

Постоеја одредени решенија како мотив да се изврши историската неправда спрема претходните сопственици на имотот кои се сега предмет на овој закон.

Г-да пратеници, јас ако ми дозволите сакам да направам една мала ретроспектива околу тоа како се создаде имотот кој денеска ние сакаме со овој закон под одредени услови да се поврати на поранешните сопственици.

Првиот закон за реформа во бивша СФРЈ, да не ги именувам промените на името на државата дојде како позитивен закон дека, оние кои се бавеа со земјоделие или т.н. беземјаши да имаат средства од каде ќе живеат. Таа реформа во тоа време имаше значење само за една година далеката 1946-47 година. Меѓутоа, веднаш дојде една злогласна идеја за создавање на т.н. СРЗ - селски работни земјоделски задруги, со кои се нанесе токму најголемата штета на поранешните сопственици. Тој Закон имаше за цел сите да ги по едноуми, сите да бидат т.н. селски работници. Меѓутоа, пред да го донесат имаше една обврска на сите кои се бават со земјоделско занимање или се земјоделци по потекло да дадат на државата определена количина месо. Токму тој дел ги натера луѓето да го

напуштат селото и да побегнат во град, а што да прават? Ако сакаа да бидат третирани како граѓани ќе ја напуштат земјата и ќе дадат изјава дека се откажуваат од тој имот. Потоа за да добијат детски додаток и така дојдовме до создавање на тој имот на бивша СФРЈ.

Пропуштив да кажам за Законот од 1948 год, за национализација на стопанските објекти кои исто така беа основ за стекнување на имот. Меѓутоа, ова се законските услови, законите не беа толку опасни колку начинот на нивното спроведување. Достоинството на нашите претходници со начинот на спроведувањето се доведе во прашање и се наруши.

Ако не ви биде на товар јас би сакал само едно сеќавање како момче од 15 години што го доживеав на таткото на мој прв другар. Се враќаме од училиште и пред нивна куќа свират тапани и зурли (негодување во салата).

Ве молам, говориме за тоа да ја вратиме правдата. Тој човек беше впрегнат во јарем. На една страна беше тој, а на друга страна беше впрегната свиња. На градите му пишуваше - плукајте во мене, јас сум ратен богаташ. А што бил? Имал манифактурна продавница му се конфискува се, а во неа имал 37 метри штоф од разни врсти. Тоа беше достоинството на човекот што се нарушуваше. Тоа сакав да го кажам како една појава како се создаваше тој имот. Сега ние ќе одиме на тоа дали и како да им ги вратиме тие имоти на луѓето. Кога говориме да им се одолжиме, јас го сфатив во мојата потсвест дека така треба да биде.

Г-да пратеници, јас не се согласувам со заглавието на Законот денационализација. Во членот 6 став 2 говори дека предмет на денационализацијата не е градежното земјиште кое е земено со Закон за национализација. Како да го објасниме тоа? Се прави денационализација, се подведуваат сите прописи, а доаѓа денационализацијата. Јас сум уверен дека не изградено градежно земјиште кое нема променето содржинско значење да се врати на поранешните сопственици. Тоа е едно.

Второ, има еден амандман на членот 2 став 2 да се брише каде се говори за не враќање на имотот на општините и градот Скопје. Не оти предлагачот сакал некого да збогати или не, повеќе ме засега основот од кој се тргнува. Се тргнува од тој основ дека тие направиле меѓусебна делба. Дали ќе може да се издвои основот затоа што и РМ и Бивша СФРЈ во кое време е одземен овој имот, сите биле од една власт. Организацијата на власта, дали ќе може власта меѓу себе да дели заеднички имот, едниот да се враќа а другиот не. Зарем може помалиот сопственик да биде послаб од поголемиот сопственик. Тука нема еден континуитет на почитување на законитоста. Овој момент, без оглед кој и да го предложил тој амандман сакам да го поддржам и му предлагам на г-динот министер внимателно да го разгледа амандманот и да го прифати, а ви вам г-да пратеници, без разлика на кого припаѓате, сметајте го ова за единствено и солидно решение. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Стојановски.

Ве молам, уште министерот за финансии побара збор, веројатно завршен по општата расправа, па да ја заклучиме општата расправа.

Има збор министерот Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, знам дека трпението ви е при крај но нема долго да зборувам.

Чувствувам дека измените на Законот за денационализација сепак ќе бидат општо прифатени. Некои од амандманите што се поднесени ќе бидат општо прифатени. Некои од амандманите што се поднесени ќе бидат прифатени без разлика дали се од позицијата или од опозицијата. Ќе имате шанса да го видите.

Вие имавте шанса да видите, а и целата јавност дека навистина со една голема брзина ги направивме овие измени кои ги најавив некаде околу 13-14 јануари, а веќе на 1-ви јануари го потпишав актот кој замина на Влада. Она што сега ни преостанува е спроведување на законот. Она што можам да ви го ветам дека со истото темпо ќе продолжиме да работиме и веќе во недела закажавме средба, под услов денеска да се изгласа законот, на која треба да ги утврдиме натамошните чекори со рокови.

Мислам дека решенијата кои ги понудивме денеска уште еднаш ми се потврди дека навистина понудивме добри решенија во глобала, затоа што речиси сите дискусии кои се водеа денеска претходно на некој начин беа предвидени, односно за сите дискусии што денеска беа отворени, за сите прашања што беа поставени работејќи го законот ние дискутиравме поединечно за секоја. Мислам дека за најголемиот дел од нив во законот постои решение. Тоа би било

моето кратко и завршно излагање, јас не би сакал поединечно да одговорам на сите прашања, ќе има шанса за тоа на друг начин. Ви благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Никола Груевски, министер за финансии.

Дозволете ми да го заклучам претресот и на Собранието да му предложам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за денационализација.

Ве молам да гласаме.

90 пратеници гласаа за, тројца воздржани, ниеден против.

(Гласањето беше пропратено со аплауз).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на Закон.

Ве молам да гласаме.

89 пратеници гласаа за, тројца воздржани, немаме против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандмани на член 2 по новиот член 1-а став 3 и на член 17, со кои се согласил на претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Владата на РМ поднесе амандман на член 40 за додавање нов став и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 2, за менување на уводната реченица, за менување на член 3, на член 4, за додавање на два нови става по ставот 1, став 2, став 3, за менување на уводната реченица, за бришење на став 4. Член 6, за менување на став 1, член 7, точка 3, член 9 и за додавање на нов текст по уводната реченица. Член 12, став 1, точка 1 и на став 2. Член 16 по новиот член 2-в, точка 2, за менување на член 18, член 21 за менување на уводната реченица, за преформулирање на член 22, за бришење на членовите 23 и 24. Член 25, став 1, став 2, за менување на став 3 и додавање нов став по ставот 3. Член 30, член 32 став 2, член 36 став 2, член 38, член 39 во уводната реченица и за додавање на нов текст по уводната реченица. Член 43 и на член 45, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Борислав Трповски, поднесе амандмани, во член 2, по новиот член 1-а, за бришење на став 2 и на член 8, во новиот член 9-а, точка 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Александар Гештаковски, Никола Поповски, Борислав Трповски и Благоја Стојковски, поднесеа амандмани, на член 26 став 2 и на член 43, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Мерсел Биљали и Исмет Рамадани, поднесоа амандман на член 39, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Азис Положани, Насер Зибери и Оломан Сулејмани, поднесоа амандмани на член 5, за додавање нов став 1, член 6 за додавање нов став 3, по ставот 2, за додавање нов член 8-а и на член 26 став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Фатмир Етеми, поднесе амандман на член 2, став 1 и 3, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Златко Стојменов и Филип Петровски, поднесоа амандман на член 1, за додавање нов став 2, по ставот 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Чедомир Краљевски, поднесе амандман на член 32, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот, на член 2, за менување на уводната реченица, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2, во новиот член 1-а, за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Борислав Трповски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3, став 1 и 3, поднесен од пратеникот Фатмир Етеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

(Се слушаат гласови дека амандманот е повлечен).

За збор се јави господинот пратеникот Фатмир Етеми.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Мислам дека не е во ред, некои од пратениците да се изјаснуваат за друг пратеник.

Јас ќе кажам дека амандманот не е повлечен.

Во оваа прилика, би сакал да дадам кратко објаснување за амандманот.

Со Предлог - законот, во член 2 се предлага враќање на имотот, односно имотот надомест за имот на физички лица, храмови, манастири и т.н. Тука изостанува прашањето за имотот на верските заедници. Бидејќи под поимот верски храм се подразбира христијанска црква, исламска џамија и еврејска синагога. Затоа предлагам, освен индивидуално враќање на имотот на црквите, на џамиите, предлагам тука да се додаде и зборот верските заедници, како повисока организирана форма.

Значи, освен индивидуално враќање на имотите на црквите, на џамиите, да се стави и верските заедници.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот, Азис Положани во врска со овој амандман.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Во врска со овој амандман, јас мислам дека би требало малку повеќе да се поразмисли за овој амандман, а јас ќе се обидам да му помогнам малку во објаснувањето.

Кога се вели христијанска црква, мислам дека се работи не само за црква, тука за една асоцијација, која што во жаргон се подразбира организација, каде што верскиот ред, на христијанството се култивира, а таа работа што се прави кај исламската или мухамеданската религија, се вика исламска заедница. Не се вика мухамеданска џамија. Значи, христијанска црква, е исто како исламска заедница. Едната претставува христијанска организација, а другата ја претставува исламската организација.

Како правен субјект, мислам дека тоа треба да се признае.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор во врска со овој амандман?

За збор се јави господинот пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Јас предлагам денеска да престанеме со амандманската расправа, бидејќи имаме околу педесетина амандмани, кои бараат и концентрација и на службите.

Мислам дека ова прашање бара една поширока консултација.

Имено, можеби, подобро ќе беше да се дополни овој амандман, да се повлече формулацијата која што е донесена од страна на Владата, така што оваа материја да се уреди со посебен друг закон, каде нема да се оспори легитимитетот, односно кредибилитетот.

Тоа бара поширока консултација, така што, можеби до утре ќе размислиме, како да се реши ова прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас го прашав министерот, пред да отпочнеме со расправата, дали тие ги имаат средено амандманите и дали можеа да ги прифаќаат.

Тој даде позитивен одговор и токму заради тоа ние работиме.

Дали некој друг бара збор во врска со овој амандман?

За збор се јави господинот пратеник Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Јас би ги замолил претставниците од Владата да направат подлабока анализа. Ако треба да се направат и пошироки консултации, што значи таа исламска верска заедница и мухамеданска џамија. Под мухамеданска џамија, јас ја подразбирам, само џамијата, меѓутоа има и други објекти. Има и посебни објекти, кои не се во состав на џамиите и други институции кои припаѓаат на исламската верска заедница.

Јас би кажал само еден пример. На пример на Бит пазар и насекаде, низ цела Македонија има и друг недвижен имот, како

што се продавници, локали и т.н. Ако веќе донесуваме еден закон, кој ќе биде прифатлив за сите, јас мислам дека во оваа насока треба Министерството, односно министерот да направи поконкретни напори, да се консултира за овие работи, бидејќи под мухамеданска џамија, јас подразбирам само џамија, а објектите на верската заедница, тоа е поширок поим. Значи, и други недвижности, со кој стопанисува или биле во сопственост на исламската верска заедница воопшто.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави г. Никола Груевски, министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман има два дела.

Првиот, не го прифаќаме.

Вториот, исто не го прифаќаме, за да не го делиме амандманот, инаку, зборот "Мухамеданска" со зборот "Исламска" се заменува во друг амандман, кој што е прифатен на Економската комисија. Тука има и друго, во член 2, став 1, по зборовите "физички лица и на" се додаваат зборовите "верски заедници" заради тоа не го прифаќаме целиот амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи објаснувањето на министерот е јасно дел од амандманот е прифатен во друг амандман, а дел останува да го гласаме.

Ве молам да гласаме.

19 пратеници гласа за, 16 се воздржани и 46 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2, став 1 и 3, поднесен од пратеникот Фатмир Етеми.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4, за додавање два нови става, по ставот 1, став 2, став 3 и за менување на уводната реченица и за бришење на став 4 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5, за додавање нов став 1, поднесен од пратениците Азис Положани, Насер Зибери и Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Суштината на неколку дискусии овде во текот на расправата, мислам дека беше во смисла, освен материјалното обештетување, треба да се најде начин и на тие, што најлошо поминаа, по таквата национализација. А тие се луѓе, кои што, поради разни идеолошки или други притисоци, беа принудени, не само да ја губат своината, туку и да си заминат од оваа земја, па потоа со некоја процедура, без никаква судска постапка, им е одземено државјанството. И како резултат на тоа, тие немаат право да имаат сопственост во Република Македонија.

Значи, се работи за луѓе кои биле граѓани на Република Македонија и без судска одлука им е одземено правото за државјанство и сега, мислам ако е целта на овој закон да се обештетува, навистина да се обештетува и да се најде начин и на таа група луѓе да им се дојде во пресрет, мислам дека пратениците би требало да најдат доблест и да го прифатат овој амандман, со што би направиле еден добар гест кон тие можеби што најлошо поминале со процедурата на самата национализација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јавува господинот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Настана едно недоразбирање во врска со терминологијата во однос на верските заедници и истото тоа што го пишува во амандманот и во текстот на законот.

Јас имам една прашање, на кое треба да одговори министерот, дали при пишување на законот, односно одредбата што ја регулира оваа проблематика, дали се консултирани верските заедници, односно

дали е консултирана Комисијата за верски односи.

Затоа што, се создава една дилема, кај нас пратениците, што всушност значи таа терминологија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Исмет Рамадани.

За збор се јавува господинот пратеник Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине претседателе, очигледно ние сме заморени и концентрацијата попушта а гледам дека и министерот се консултира со службите, не е сигурен за некои решенија.

Предлогот што го даде нашиот колега, со расправата да продолжиме друг пат, а не денеска, меѓутоа јас се јавив, бидејќи сум потписник на амандманот и мислам дека нема потреба од дополнително објаснување, бидејќи се работи за граѓани, кои без нивна желба го изгубиле државјанството и со амандманот мислам дека интервенираме, токму за тие луѓе да се здобијат со право, да може да им се врати нивниот имот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Оломан Сулејмани.

За збор се јави господинот пратеник Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Јас го поддржувам ставот на Владата, да остане оваа формулација, која беше во стариот закон, затоа што ќе западнеме во многу тешка правна и социјална ситуација. Овде се спомнува само една категорија на луѓе. Јас се прашувам дали тоа се однесува и на имотите на кралот Александар и на семејството Караѓорѓевиќ.

Меѓутоа, се бара да им се врати државјанството. Ќе отвориме големи правни проблеми и социјални и ќе излезе дека во Македонија нема да има на крајот што да се денационализира.

Затоа, мислам дека треба да се помине кон гласање на амандманот.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Претходниот говорник се спротивставува на таквото можно решение што се предлага со овој амандман, со тоа што можна е некоја импликација. Мислам дека Законот е јасен. Се работи за обештетувања од национализацијата после 1944 година. Дали тука спаѓа Александар Македонски, или кој спаѓа, јас не знам дали спаѓа, многу е јасно кој спаѓа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Оломан Сулејмани повторно бара збор.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседател, јас мислам дека концентрацијата не напушта.

Во име на пратеничката група на ПДП, барам 10 минути пауза.

Молам за поддршка од 10 пратеници.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во име на пратеничка група пауза може да побара само координаторот.

Дали тоа го бара заменикот?

Не може пратеник да бара пауза.

(Повеќе пратеници од ПДП тоа го потврдуваат со зборовите "договорено е").

Не барате пауза?

Господине Исмет Рамадани, повелете вие сте заменик координатор, дали пратеничката група бара пауза.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Да, пратеничката група бара пауза.

Ние се консултиравме и бараме пауза 10 минути.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тогаш вака да се договориме.

Вие одржете ја паузата, направете ја консултацијата ако сакате и утре изутрина, а ние ќе продолжиме со работа утре во 11,00 часот, затоа што имаме многу амандмани, а паузата сигурно ќе се одолговлече.

Утре во 11,00 часот продолжуваме со расправа по амандманите.

(Седницата прекина во 20,40 часот).